Библиски лекции

Животот во денот на помирувањето

Година 95. Број 4
Октомври - Декември 2019

СОДРЖИНА

1. Нашата потреба за помирување 5
2. Жртви и свечени празници 10
3. Разбирање на симболите 15
4. Од вознесување до конечно помирување 20
5. Ден на очистување 26
6. Трезвеност 31
7. Книги 36
8. Битка 41
9. Физичка сила 46
10. Ред и организација 52
11. Духовна виталност 57
12. Како видело кое гореше 62
13. Да се биде запечатен како невин 67

„Библиската поука не треба да се проучува со фрлање на еден брз поглед врз нејзиниот текст во сабота наутро, туку поуката за следната седмица треба внимателно да се проучи во сабота попладне, а потоа секојдневно да се повторува и расветлува во текот на седмицата. Така поуката ќе се вреже во нашата меморија како богатство кое никогаш нема целосно да се загуби“. - Воспитување 251.252.

Издава: Seventh Day Reform Movement General Conference, Sabbath School Department, Hollins Road, Roanoke, Virginia 24019 – 5048, USA
За Македонија: Реформно движење на адвентистите на седмиот ден, 1300 Куманово, Моша Пијаде 85. Телефон: 076/466-322; e-mail: info@rdasd.mk: Web: www.rdasd.mk
Во цитираните библиски стихови користени се следните преводи: Библија (Библиско здружение 2006) и Библија (превод Д-р/Др Душан Х. Константинов).
Одговорен уредник: Часлав Дичевски

Година XCV Број 2

Библиските лекции претставуваат програма за секојдневно тематско проучување на Божјото Слово, заснована само на Библијата и Духот на пророштвото, без додатни коментари. Прашањата се така формулирани што овозможуваат директен и концизен одговор. Зборовите во заграда се додадени поради појасно разбирање на контекстот и потечно читање. Проучувањето на дадените теми со помош на цитираните дела е мошне препорачливо.

Предговор

Во моментов ние живееме во несимболичниот ден на очистување. Што тоа значи? Дали е тоа само формалност – или тоа навистина треба да влијае на нашиот секојдневен живот, идните планови, па дури и на обрасците на размислување на секој од нас?

Многумина не сфаќаат дека по природа, секој човек е грешник. Ние сме склони да си удоволуваме себеси во кршењето на светиот морален закон на Десетте заповеди, кој ни е даден од љубов, заради нашата среќа.

„Меѓутоа, додека сè уште бевме грешници, Божјиот Син умре за нас. Оставајќи ја настрана Својата царска облека и царската круна, го облече своето божество со човечка природа, Тој се спушти до нашата положба за да нè избави од ропството на гревот. Тој станал сиромашен заради нас, та преку Неговата сиромаштија ние да се збогатиме. Тој дошол на оваа земја да го заземе своето место на чело на човечкиот род. Поради нас, Тој го трпел ударот на божествената правда.“ - *Australasian Union Conference Record, April 1, 1901.*

Целото небо е заинтересирано за делото кое се одвива на оваа земја. Народот треба да биде подготвен за големиот Божји ден, кој е токму пред нас; не смееме да му дозволиме на сатаната да ја фрли својата сенка на нашиот пат, и да го одвои нашиот поглед од Исуса и Неговата бескрајна љубов. Сета помош која ни е потребна треба да ја црпиме од Христа.“ - *The Review and Herald, January 28, 1890.*

„Христос се заветувал дека ќе биде наш заменик и гарант и Тој никого нема да го занемари. Оној кој не можел да дозволи човечките суштества да заминат во вечна пропаст, кој својата душа ја предал на смрт наместо нив, ќе ја пречекува со добредојде и со сомилосг секоја душа која сфаќа дека не може да се спаси самата себе и ќе го подигне секој очаен молител. Тој, кој со своето посредување на секој човек му обезбедил бесконечна резерва на морална сила, не може да ја пропушти можноста таа сила да не ја употреби во наша полза.

На секој кој очајува Тој ќе му помогне да се подигне. Тој кој со своето помирување им го ставил на луѓето на располагање вечното благо на духовната сила, никогаш нема да пропушти оваа сила да не ја употреби во наша корист. Сите свои гревови, грижи и болки да ги ставиме покрај Неговите нозе, бидејќи Тој нè љуби. Секој Негов поглед и секој Негов збор треба да ни влева самодоверба. Тој ќе го формира и изгради нашиот карактер според Неговата волја.“ – *Христовите очигледни поуки, 157.*

Додека наредните три месеци ги проучуваме овие лекции, ќе сакаме ли да соработуваме со Светиот Дух дозволувајќи му да го стори токму тоа?

Оддел за саботна школа при Генералната конференција

Сабота, 5. октомври 2019.

Дар во првата сабота

Лас Вегас, Невада, САД, е прочуен интернационален туристички град, познат пред се по своите коцкарници, трговски центри, фина кујна, забава и ноќен живот. Често нарекуван и Светска престолнина на забавата, прочуен е по големите казино-хотели и слични активности, и тоа го чини како една од најпопуларните туристички дестинации. Градската популација пораснала за 85,2% во деведесеттите години од минатиот век, и сè уште продолжува рапидно да расте. Според пописот од 2013. година, градот има 603.488 жители, додека поширокото подрачје на градот го населуваат 2.027.828 луѓе.

„Во светските познати здравствени установи и туристички центри во кои доаѓаат илјадници луѓе барајќи здравје и задоволство, треба да има стационирано и некој проповедник или колпортер способен да го привлече вниманието на масите. Тие работници треба внимателно да ја искористат секоја можност која ќе им се укаже да ја изнесат пораката за ова време.“ – *Gospel Workers, p. 352.*

Во 2013. година, инспирирана од цитираниот текст, Генералната конференција инвестираше во она што се чинеше дека е невозможна мисија – отворање на црква во Лас Вегас. Младите одеа неуморно од куќа до куќа, во текот на врелите денови, колпортирајќи две седмици; медицинските експерти одржуваа здравствени семинари, а евангелистите смело ја објавуваа сегашната вистина преку семинари за пророштвата. Бидејќи градот главно е познат по својот ноќен живот, локалното население ноќе работи додека дење спие. Поради тоа многу малку луѓе присуствуваа на евангелизациските состаноци. Но, оние кои дојдоа покажаа значаен интерес и се пријавија за лични посети и библиски студии. По четири години на посети и библиски студии од проповедниците кои таму доаѓале од различни области, со Божја милост, бројот на заинтересираните семејства значително пораснал, и тие луѓе своите тешко заработени пари ги вложиле за поддршка на мисионската работа во нивниот град. Нивното самоодрекување било наградено кога еден мисионер со својата сопруга се преселил во Лас Вегас, и во мај 2013. година се крстиле деветнаесет луѓе кои ја проучувале Библијата.

Денес црквата во Лас Вегас продолжува да расте и браќата и понатаму продолжуваат да се жртвуваат, но тие сакаат да евангелизираат и да се прошират уште повеќе. Тие го штедат секој денар за да купат или изградат своја црква, но сепак потребно е и нашето членство ширум светот исто така да даде свој придонес. Ве молиме, покажете ја вашата великодушна поддршка за овој дар во првата сабота. Ви благодарам!

Вашите браќа и сестри од Лас Вегас

Нашата потреба за помирување

„А освен тоа, и се фалиме со Бога преку нашиот Господ Исус Христос, преку Кого добивме сега помирување.“ - Римјаните 5:11.

„Голгота стои како споменик на прекрасната жртва, која била потребна за да се покрие престапот на божествениот Закон.“ – Патот кон Христа, 33.

ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Патот кон Христа, 23-35.

Недела 29. септември

1. СОВРШЕН ПОЧЕТОК

а. Опиши ја духовната состојба со која во почетокот Бог ги надарил Адам и Ева, првите членови на човечкиот род. Создавање 1:27,31.

„Во славниот Едем немало гревови ниту пак знаци на распаѓање. Божјите ангели слободно и љубезно разговарале со светиот пар. Птиците радосно пееле на слава на својот Создател. Мирољубивите животни слободно се движеле во близина на Адам и Ева, подготвени да го послушаат нивниот глас. Адам бил благословен со совршена убавина и сила – тој бил најблагородното Божјо создание.

Човекот и неговиот Создател не ги раздвојувала никаква сенка. Бог за луѓето бил добар небесен Татко затоа што нивното однесување во сè било усогласено со Божјата волја. Во Адамовиот карактер се одржувал Божјиот карактер.“ – *Адвентен дом, 26,27.*

б. Што го правело животот во Едем величествено пријатен? Создавање 1:28; 2:8,19.

„Во едемскиот дом на Адама и Ева природата била ‘полна со знаење за Господа’, преполна со божествени поуки. Мудроста му зборувала на окото и таа била примана во срцето, зашто луѓето разговарале со Бога преку неговите дела, преку делата што ги создал Тој.“ – *Христовите очигледни поуки, 18.*

2. СОВРШЕНСТВОТО СЕ РАСИПАЛО

а. Што ја нарушило радоста во Едем? Создавање 2:16,17; 3:6.

„Адам и Ева самите себеси се увериле дека толку незначителното дело, како што е јадењето од забранетиот плод, не може да има толку страшни последици како што рекол Бог. Но тоа незначително дело било престап на Божјиот непроменлив свет закон, што го одвоило човекот од Бога.“ – *Патот кон Христа, 33.*

б. Како овој проблем ја погодил целата планета? Римјаните 8:22.

„(Земањето на забранетиот плод) ги урнало браните за смрт и неискажани страдања да го преплават нашиот свет. Од столетие во столетие од нашата земја постојано се издигнувале извици на болки и сите созданија заеднички воздивнувале и болно страдале од последиците на човечката непослушност. И самото Небо го чувствувало влијанието на неговиот бунт против Бога.“ – *Патот кон Христа, 33.*

в. Што мораме да сфатиме за склоностите на човечкиот род од времето кога семето на побуната се појавило и го расипало природното човечко срце? Проповедник 7:29.

„Гревот не треба да го сметаме за нешто незначително.

Секој престап, секое занемарување или отфрлање на Христовата благодат, остава свои последици врз нас; тоа го стврднува срцето, ја ослабнува волјата, го отапува умот и не само што нѐ прави помалку готови, туку и помалку способни да ги послушаме нежните повици на Божјиот Свет Дух.

Мнозина ја умируваат разбудената совест со мислата дека можат да се вратат од својот лош пат секогаш кога ќе посакаат; дека можат да си играат со повиците на милоста, а сепак да останат трајно чувствителни кон нивното влијание. Иако му пркоселе на Духот на благодатта, иако своето влијание го ставиле во служба на сатаната, тие мислат дека сепак ќе можат да ја променат насоката на животот во мигот кога ќе настапи страшната криза. Но тоа не е така лесно да се стори. Искуствата и воспитувањето во текот на целиот живот толку темелно го формирале карактерот, што тогаш само ретки посакуваат да бидат слични на Исуса.“ – *Патот кон Христа, 33,34.*

3. ПРОБЛЕМОТ НА ГРЕВОТ

а. Како Светото Писмо ја објаснува постојната криза во човештвото и ширум целата планета? 1. Јованово 3:4; 1:8.

„Без оглед колку да се труди да чини најдобро што може, не постои никој кој може да каже: 'Јас немам грев'." - The Upward Look, 53.

„Во Светите списи ништо не е појасно од вистината дека Бог ниту на било кој начин не е одговорен за настанувањето на гревот, и дека никакво тиранско скратување на божествената милост, ниту било каков недостаток во божественото владеење не дале повод за побуна. Гревот се наметнал како неканет гостин за чиешто присуство не може да се наведе причина. Тој е таинствен, необјаснив и да се оправдува би значело да се брани. Кога за него би можело да се најде оправдување или причина за неговото постоење, тогаш тој би престанал да биде грев. Дефиницијата за гревот е јасно дадена во Божјото Слово: 'Гревот е беззаконие' - престап на законот (1. Јованово 3:4), и тоа е наше единствено објаснување; тој е олицетворение на начелата што се во непријателство со големиот Закон на љубовта врз кој се темели божественото владеење." – Г*олемата борба, 492,493.*

б. Со која болна реалност секое човечко битие мора да се соочи? Римјаните 3:23; Исаија 1:5,6.

„Делото на отпадништво започнува со некоја потајна побуна на срцето против барањата на Божјиот закон. Несветите желби, незаконските амбиции, се негуваат и подржуваат, а неверувањето и темнината ја одделуваат душата од Бога. Доколку не ги совладаме овие зла, тие ќе нè совладаат нас." – *God's Amazing Grace, 333.*

в. Како Бог гледа на недостатокот на правда предизвикан поради гревот, и кое решение Тој го има? Исаија 59:15,16.

„„Во Едем човекот паднал од својата возвишена положба и преку престапот станал подложен на смрт. Небото видело дека човечките суштества ќе пропаднат и тоа предизвикало сочувство кај Бога. Тој пронашол начин за спасение, но со неизмерна цена... За престапникот не постоела друга надеж освен преку Христа." – *8. Сведоштво, 25.*

4. ОЧИСТУВАЊЕ СО КРВТА

а. Кој план Бог однапред го смислил за да го спаси паднатиот човечки род, и зошто тој бил неопходен? Јов 33:24; Создавање 3:17-21.

„Божеството било трогнато со сочувство кон човечкиот род, а Отецот, Синот и Светиот Дух се дадоа во изработка на планот за откуп. За целосно да се спроведе овој план, беше одлучено дека Христос, единородниот Божји Син, треба се принесе себеси како жртва за грев.“ – *Counsels on Health, 222.*

„Како Адамовиот престап што донел неволја и смрт, така Христовата жртва ќе донесе живот и бесмртност.“ – *Патријарси и пророци, 66,67.*

.

б. Кој систем бил утврден симболично да ја прикаже Христовата жртва? Создавање 4:4; Левитска 17:11.

„Принесувањето на жртви го пропишал сам Бог. Тоа имало за цел човекот постојано да го потсетува на неговиот грев и да го наведе на каење и на јавно покажување на вера во ветениот Спасител, и постојано и живо на паднатиот човечки род да му ја предочува свечената вистина дека гревот предизвикал смрт. За Адама принесувањето на првата жртва било исклучително болна и мачна церемонија. Морал да ја подигне својата рака за да одземе живот кој само Бог можел да го подари. Тогаш првпат видел смрт, а знаел дека ниту човекот ниту животното не би морале да умрат кога тој би му останал послушен на Бога. Кога го заклал невиното животно на жртва, затреперил при помислата дека поради неговиот грев мора да се пролее крвта на пречистото и невино Божјо Јагне.“ – *Патријарси и пророци, 68.*

„Без пролевање на крв немало проштавање на гревот; и тие (Адмовите синови) со жртвувањето на првите младенчиња од своите стада требало да ја покажат својата вера во Христовата крв како Ветена жртва на страдање и помирување.“ – *Патријарси и пророци, 71.*

„Крвта на Божјиот Син симболично била претставена со крвта на убиената жртва; Бог сакал така да се сочуваат јасните и одредени идеи за разликата помеѓу светото и обичното. Крвта била света, со оглед на тоа дека само со пролевање на крвта на Божјиот Син може да се постигне помирување за гревот.“ – *God’s Amazing Grace, 55.*

5. БЛАГОДАРНОСТ ЗА БОЖЈАТА ОДРЕДБА

а. Што треба да сфатиме за помирувањето кое е направено заради нас, и како треба да одговориме на тоа? Евреите 9:22; Римјаните 5:8-11.

„Исус е нашата жртва на помирување. Ние самите не можеме да се искупиме, но со вера можеме да го прифатиме помирувањето што било направено.“ – *Selected Messages, bk. 1, pp. 307.*

„Бог ни ја открива нашата вина за да можеме да најдеме засолниште во Христа, со Негова помош да се ослободиме од ропството на гревот и Блаженствата да се радуваме во слободата на Божјите деца. Со вистинско покајание можеме да дојдеме до подножјето на крстот и тука да го оставиме нашето тешко бреме.“ – *Мисли од гората на блаженството, 9,10.*

„Спасувањето на човечките битија е огромен потфат кој ги повикува на акција сите атрибути на божествената природа. Отецот, Синот и Светиот Дух се заветувале дека од Божјите деца ќе направат повеќе од победници, преку Оној кој ги љубел. Бог е милостив и долготрпелив, и не сака никој да загине. Тој ни обезбедил сила да нѐ направи победници.“ – *The Review and Herald, January 27, 1903.*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Наведи некои од најубавите карактеристики на животот во Едем?**
2. **Зошто Бог ја проверува нашата верност и лојалност во наизглед малите работи?**
3. **Зошто е погрешно да го обвинуваме Бога и другите за гревовите во нашиот живот?**
4. **Опиши ја длабината на Христовата жртва за нас?**
5. **Како треба да одговорам на помирувањето кое Исус го остварил на крстот?**

Жртви и свечени празници

„Еве Го Јагнето Божјо, Кое ги зеде гревовите на светот врз Себе.“ – Јован 1:29.

„Бог го избрал Израел. Тој го повикал за да го сочува меѓу луѓето знаењето за Својот закон и симболите и пророштвата што укажувале на Спасителот. Тој посакувал тие да бидат извор на спасение за светот.“ – Копнежот на вековите, 27.

ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Патријарси и пророци, 537-542.

Недела 6. октомври

1. ЈАГНЕТО БОЖЈО ВО СИМБОЛИ

а. Во планот кој Бог им го дал на Евреите, што морало да се направи секој ден за очистување од гревот? Излез 29:38-41.

„Секојдневната служба се состоела од утринско и вечерно принесување на жртва паленица, од палење на темјан на златниот кадилен олтар и од посебни жртви за гревовите на поединците...

Секое утро и секоја вечер на олтарот се спалувало по едно едногодишно јагне. Освен тоа, принесувана е и храна што го претставувала секојдневниот дар што му го принесувал народот на Јехова и нивната постојана зависност од Христовата крв на помирување. Бог изрично заповедал дека секоја жртва што му се принесува нему мора да биде здрава и без мана (2. Мојсеева 12:5). Свештениците биле должни да прегледаат секое животно што било доведено за жртва и да вратат секое кај кое ќе најдат некаква фаличност. Само онаа жртва што била ‘без мана’ можела сликовито да ја претставува апсолутната чистота на Оној кој бил очекуван да го принесе својот живот на жртва ‘како простодушно и пречисто Јагне’ (1. Петрово 1:19).“ – *Патријарси и пророци, 352,353.*

„Големата вистина, олицетворена во жртвата во секое заклано животно чија што врела крв сè уште крварела, втисната во секоја церемонија – е вистината дека гревовите можат да се простат само преку Христовата крв.“ – *Коментари на библиските текстови, 770.*

2. СВЕТО НА ГОСПОДА

а. На кој начин Божјиот седми ден, сабота, се разликува од годишните празници кои го претставуваат Неговиот план за избавување од гревот? Левитска 23:1-3,37,38; Колосјаните 2:16,17; Излез 20:8-11.

б. Кое чудесно искуство Израелците ги разликувало од старите Египќани, бунтовна нација која пркосно го отфрлила Бога? Излез 12:3-13.

„Тоа било она што се барало од децата на Израел, она што морале да го направат од своја страна, да се докажат и да ја покажат својата вера преку дела, во големото избавување кое Бог го подготвил за нив. За да ги избегнат големите Божји казни кои Тој ги подготвил за Египќаните, на нивните куќи морал да се види знакот на крвта. Од нив се барало заедно со своите деца да се издвојат од Египќаните, и да се соберат во своите куќи; зашто ако некој од Израелците би се нашол во домовите на Египќаните, тој би пострадал од рацете на ангелот кој уништува... Кога ангелот уништувач тргнал во ноќта да ги убие првородените луѓе и првородената стока, тој поминал покрај нивните домови, и ниеден Евреин кој имал знак на крв на своите врати не бил убиен.“ – *The Spirit of Prophecy 1, 200.*

в. На кој начин требало да се сочува споменот на овој настан? Излез 12:14; Левитска 23:5.

„Четиринаесеттиот ден тој месец навечер празнувана е Пасха, чијашто свечена и убедлива церемонија го овековечила споменот на ослободувањето од ропство во Египет и однапред укажувала на жртвата што требало да ги ослободи од робувањето на гревот.“ – *Патријарси и пророци,539.*

г. Што следувало после Пасха? Излез 12:15-20; Левитска 23:6-8.

3. СНАБДУВАЧ НА ЖЕТВА – И НАДЕЖ

а. Која жртва на Господ признавала дека Тој му го обезбедува на народот секој залак на храна? Излез 23:19 (прв дел); Левитска 23:9-14.

„Вториот ден на празникот пред Господа се донесувани првите плодови на жетвата. Во Палестина прво жито бил јачменот кој дозревал токму во првите денови на празникот. Свештениците пред Божјиот олтар би го обрнувале првиот сноп на житото за да се покаже дека сѐ му припаѓа на Бога. Дури кога била завршена таа церемонија, можела да почне жетвата.“ – *Патријарси и пророци, 539.*

б. Кој спомен се одржувал на педесеттиот ден? Левитска 23:15-22.

„Педесет дена по принесувањето на првите плодови настапувал празникот Педесетница, кој уште се викал и празник на жетвата или празник на седмиците. Во знак на благодарност за храната што се добива од житото, на Господа му се принесувани два леба испечени од тесто приготвено со квасец. Празникот Педесетница траел само еден ден и бил посветен на богослужение.“ – *Патријарси и пророци, 540.*

в. Кој празник, кој му претходел на свечениот уводен празник на Трубите, им донесувал надеж на луѓето дека нивните гревови повеќе нема да се паметат? Левитска 23:23-32.

„Само еднаш годишно, првосвештеникот можел да влезе во најсветото место, после најтемелна и свечена подготовка. Ниедно смртно око, освен на првосвештеникот, не смеело да ја гледа светата возвишеност на оваа просторија, затоа што била особено живеалиште на Божјата видлива слава. Првосвештеникот секогаш тука влегувал со трепет, додека за тоа време народот го чекал неговото враќање во свечена тишина и искрено се молел на Бога за Неговиот благослов. Бог разговарал со првосвештеникот кај престолот на милоста. Кога во светињата над светињите свештеникот останувал необично долго, народот често бил уплашен плашејќи се дека Божјата слава го убила поради нивните или некој негов грев. Но, кога го слушале звукот на ѕвоното на неговата облека, настапувало големо олеснување. Тогаш тој излегувал и го благословувал народот.“ – *The Story of Redemption, 155,156.*

4. ПРАЗНИКОТ СЕНИЦИ

а. Што се случувало во текот на последниот празник во еврејската година, и зошто тоа бил радосен настан? Левитска 23:33-36,39-43.

„Празникот Сеници бил празнуван за да се одбележи времето кога Евреите живееле во шатори за време на нивниот престој во пустината. Додека траел овој голем фестивал, од луѓето се барало да ги напуштат своите домови и да живеат во шатори направени од зелени гранки од бор или мирта. Овие лиснати структури понекогаш биле подигани на врвовите од куќите и на улиците, но почесто надвор од градските ѕидини, во долините и по ридовите. Распрснати во сите насоки, овие зелени шатори претставувале мошне живописна сцена.

Празникот траел една недела, и во текот на целиот тој период храмот бил празнична сцена со голема радост. Тука имаше и раскош на жртвените церемонии; и звукот на музиката, мешајќи се со хосана, го правел ова место радосно. Со правите мугри на денот, свештениците со своите сребрени труби се огласиле со долг, продорен звук; а одговорот и радосните извици на народот од нивните шатори, одекнувајќи преку ридовите и долините, го поздравувале празничниот ден. Тогаш свештеникот од потокот Кедрон зафатил сад со вода и, кревајќи го високо, додека трубите одекнувале, се качувал по широките скалила на храмот, одејќи во ритамот на музиката, со бавни и одмерени чекори пеел: ‘Ете, нозете наши стојат во твоите дворови, Ерусалиме’.

Тој го однел садот до олтарот кој се наоѓал во средиштето во дворот на храмот. Тука се наоѓале две сребрени корита, покрај кои стоеле двајца свештеници. Садот со вода бил истурен во едното корито, додека другото корито било наполнето со вино; содржината на обете корита се слевала во цевка која била поврзана со Кедрон, па потоа понатаму до Мртвото Море. Оваа сцена на осветена вода го претставувала изворот кој течел од карпата за да ги освежува Евреите во пустината. Потоа се слушнале свечени извици: ‘Господ Бог е мојата сила и песна! Затоа со радост ќе црпиме вода од изворот на ова спасение’. Сиот огромен збор се приклучил во триумфален хор со музички инструменти и трубите кои одекнувале со длабоки тонови, додека учените хорски пејачи го воделе свечениот концерт на пофалби.

Веселбата продолжила со исклучителна величественост. Во ноќта храмот и неговиот двор така светеле со вештачка светлина така што целиот град бил осветлен. Музиката, мавтањето со палмови гранки, радосните хосани, огромниот број на луѓе кои ги осветлувала светлината од висечките светилки, блескавата облека на свештениците и величеноста на церемониите, сето тоа заедно ја сочинувале сцената која ќе остане длабоко врежана во умот на сите кои ја посматрале.“ – T*he Spirit of Prophecy 2, 343-345.*

5. СИМБОЛ НА СПАСЕНИЕТО

a. Што треба да сфатиме додека размислуваме за празниците во стариот Израел? Римјаните 15:4; Јован 1:29.

„Невозможно е да се набројат предностите кои Господ му ги наменил на светот со тоа што еврејската нација ја направил да биде чувар на Неговата богата ризница на знаење. Тие биле предмет на Неговата посебна наклоност. Како народ кој го познавал и обожавал вистинскиот Бог, требало и на другите да им ги пренесат начелата на Неговото царство. Нив ги поучувал самиот Господ. Тој не ги закинал во ништо што им било од корист во изградба на карактер кој би ги направил достојни претставници на Неговото царство. Преку нивните празници, Пасха, Педесетница и празникот Сеници, заедно со церемониите кои ги пратиле овие собири, требало да се објават вистините кои Бог им ги доверил на својот народ. На овие собири народот требал да покаже радост и веселба, изразувајќи благодарност за нивните привилегии и милостивото постапување на нивниот Господ кон нив. Со тоа тие требало да му покажат на светот кој не знаел за Бога дека Господ не ги напушта оние кои веруваат во Него. Со радосен глас требало да пеат: ‘Зошто тагуваш душо моја, и зошто си вознемирена! Надевај се на Бога, бидејќи пак ќе Го прославувам Него, мојот Помошник, мојот Боѓ’ (Псалм 43:5)...

Историјата на децата на Израел е напишана за наше предупредување и поука на кои доаѓа крајот на светот. Оние кои ќе стојат цврсто во верата во овие последни денови, и конечно ќе влезат во Небесниот Ханан, мора да ги слушаат зборовите на предупредување коишто Христос им ги кажал на Израелците. Овие поуки и беа дадени на црквата во пустината за да Божјиот народ ги чува и проучува и во сите идни генерации засекогаш.“ – *The Upward Look, 232.*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Зошто било потребно да се принесе јагне на жртва секое утро и вечер?**
2. **Што ги сочувало децата на Израел во ноќта на Пасха?**
3. **Која церемонија е воспоставена како би го признала Господарот на жетвата?**
4. **Зошто Денот на очистувањето бил толку важен?**
5. **Која била општата цел на празничните денови?**

Разбирање на симболите

„А Исус, откако повторно извика со силен глас, го испушти духот. И наеднаш се расцепи завесата на храмот на две - од горе до долу; и земјата се затресе; и карпи паднаа.“ – Матеј 27:50,51 (прв дел).

„Раскинувањето на завесата на храмот покажа дека еврејските жртви и уредби повеќе нема да бидат примани. Големата Жртва е принесена и прифатена.“ – Рани списи, 259,260.

ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Патријарси и пророци, 237-279; 352-353.

Недела 13. октомври

1. СЕКОЈДНЕВНО ОСВЕТУВАЊЕ

а. Зошто било неопходно Христовата жртва на крстот да ги замени жртвените обреди? Евреите 10:9-12; Дела 3:1. На кој начин утринската и вечерната жртва во стариот Израел се значајни и за нас денес?

„Христос бил темел на целокупниот еврејски економски систем. Сите типови и сенки во службите на Евреите, укажувале на Спасителот на светот.“ – *The Signs of the Times, February 25, 1897.*

„Часовите одредени за утринска и вечерна жртва се сметани за свети и кај целиот еврејски народ важеле како време одредено за богослужение... Во тој обичај христијаните можат да видат пример за утринска и вечерна молитва. Додека ги осудува обичаите кои претставуваат само повторување на формалноста без животен дух на побожност и молитва, Бог со големо задоволство ги гледа оние што го

љубат и кои секое утро и секоја вечер се клањаат пред него, барајќи проштавање за своите гревови и молејќи се за благослов.“ – *Патријарси и пророци, 353,354.*

„Ако некогаш постоело време кога секој дом треба да стане дом на молитва, тогаш тоа е сега. Како некогаш патријарсите, оние кои тврдат дека го сакаат Бога треба да подигаат олтари на Господа каде и да ги распнуваат своите шатори. Нека таткото, како свештеник во домот, полага на олтарот утринска и вечерна жртва, додека сопругата и децата се соединуваат во молитва и пофалби. Во домот во кој Бог на таков начин се почитува, Исус ќе сака да се задржува.“ – T*he Bible Echo, December 15, 1893.*

2. ЧИСТЕЊЕ НА СРЦЕТО

а. Кое е значењето на Пасхата за нас како христијани? 1. Коринтјаните 5:7; Евреите 7:26,27.

„Празникот Пасха требало да биде и спомен и симбол не само да потсетува на ослободувањето од Египет, туку и однапред да укажува на големото ослободување што ќе го изврши Христос, ослободувајќи го својот народ од јаремот на гревот. Жртвеното јагне го претставувало „Божјото Јагне“ во кое се наоѓа нашата единствена надеж за спасение. Апостолот кажува: „Зашто и нашата Пасха се закла за нас, Христос“ (1. Коринтјаните 5:17). Не било доволно само тоа што пасхалното јагне било заклано, туку со неговата крв морале да се испрскаат довратниците; така душата мора да ги прифати заслугите на Христовата крв. Не е доволно да се верува дека Тој умрел за овој свет, туку мораме да веруваме дека Тој умрел лично за нас...

Јагнето морало да се испече цело и не смеело да му се скрши ниту една коска. Исто така не смеела да му се скрши ниту една коска и на Божјото Јагне што морало да умре заради нас (Јован 19:36). Така било прикажано и совршенството на Христовата жртва.“ – *Патријарси и пророци, 277.*

б. Што претставувал исопот во обредот Пасха? Псалм 51;2,7; 119:9; 1. Петрово 1:22.

„Исопот (тревесто растение, заб. на прев.) употребен за прскање со крвта бил симбол на чистењето; тој бил употребуван и при отстранувањето на лепрата и при чистењето на оние што би станале нечисти со допир на мртовец.“ – *Патријарси и пророци, 277.*

„Нам ни е потребно и нешто друго покрај религијата и празнувањето на саботата. Потребни ни се животни начела и чувство на лична одговорност. Тоа мнозина го избегнуваат, а последица на тоа се: безгрижност, незаинтересираност и недостаток на будност и духовност. Каде е духовноста на црквата? Каде се мажите и жените полни со вера и Дух Свети? Моја постојана молитва е оваа: ‘Очисти ја својата црква, о Господе!’“ – *1. Сведоштво, 99.*

„Верата што Доаѓа од Бога е единствената вера која води кон Бога. За да му служиме на Бога како што треба, мораме да бидеме родени од божествениот Дух. На тој начин се чисти срцето и се обновува умот, така што не оспособува да го запознаеме и да го љубиме Бога. На тој начин доброволно се покоруваме на сите Негови барања. Тоа е вистинско обожавање на Бога.“ – *Копнежот на вековите, 189.*

„Божјиот народ мора да ги очисти своите души со покорување на вистината и да се подготви да застане пред Него без вина кога Тој ќе дојде.“ – *Evangelism, p. 695.*

3. СВЕТ ЖИВОТ, СВЕТ ОБРЕД

а. Објасни на кој начин симболично е прикажано совршенството на Христовата жртва? Излез 12:46; Јован 19:36..

б. На кој начин фактот дека пасхалното јагне морало не само да се заколе, туку и да се изеде, се поврзува со Христа, нашата Пасха? Излез 12:8; Јован 6:53,54,63.

„За да ни бидат простени гревовите, не е доволно само да веруваме во Христа, туку преку него и неговата Реч треба постојано да примаме духовна храна и сила... Христовите следбеници мора да ги делат неговите искуства. Тие мора да ја прифатат Божјата реч и целосно да се прилагодат кон неа така што таа да стане движечка сила на нивниот живот и на нивните постапки. Со Христовата сила тие мора да се преобразат во неговиот лик и да ги отсјајуваат божествените особини. Тие мора да го земат телото и крвта на Божјиот Син, инаку нема да имаат живот во себе. Христовиот дух и Христовото дело мора да бидат дух и дело и на неговите ученици.

Јагнето требало да се јаде заедно со горко зелје, што укажувало на горчливото робување во Египет. Така и ние, кога ќе го примиме лебот што го претставува Христа, тоа треба да го правиме со скршено срце, каејќи се за нашите гревови.“ – *Патријарси и пророци, 278.*

в. На која особена церемонија укажувала Пасхата, и кој обред е додаден на тоа? Марко 14:16,22-25; Јован 13:1-5,13-15.

„Христовиот чин на миење на нозете на своите ученици бил свет чин. Тој го направил тоа за да и потсети што сè направил за нив, и во нив да разбуди чувства во кои нема да има место за никакво издигнување над својот ближен. Оваа уредба требало да предизвика во братот разбирање на чувствата на неговиот брат...

Оваа уредба не му говори толку на човековиот разум колку на неговото срце и душа. Тој е потребен за неговата морална и духовна природа. Кога оваа уредба не би била потребна за Неговите ученици, Христос не би ја вовел и вклучил во последната вечера.“ – *The Review and Herald, June 14, 1898.*

4. ОДДЕЛЕНИ

а. Кога Пасхата првобитно била воспоставена, кое ограничување им го вовел Бог на оние на кои им било дозволено да учествуваат во неа? Зошто? Излез 12:43-48.

„(Господ) барал од Аврам и неговите потомци обрежување, да направат кружен рез на телото, како знак дека и нив Бог ги одделил од другите народи како свое посебно богатство. Со овој знак тие свечено се заветувале дека нема да се венчаат со другите народи, затоа што со тоа би ја изгубиле својата почит кон Бога и Неговиот свет закон и би станале како идолопоклоничките народи околу нив.

Со чинот на обрежување тие свечено се согласиле дека ќе го исполнат својот дел од условите на заветот направен со Аврам, да бидат одвоени од другите народи и да бидат совршени. Кога Аврамовите потомци би се држеле одвоени од другите народи, тие не би биле заведени во идолопоклонство. Да се одвоиле од другите народи, тие би биле поштедени од големите искушенија да се вклучат во нивните грешни обичаи и бунт против Бога. Тие во голема мера го изгубиле својот посебен, свет карактер, токму поради тоа што се мешале со народите околу нив.“ – *The Spirit of Prophecy 1, 262, 263.*

б. Како и обрезувањето во Стариот Завет, кој новозаветен обред е знак на одделување од светот и посветување на Бога? Колосјаните 2:6,10-12; Галатјаните 5:6.

„Христос го направил крштавањето знак на стапување во Неговото духовно царство. Тој го направил неопходен услов кој мораат потполно да го исполнат сите оние кои сакаат да бидат признати како оние кои се потчинуваат на авторитетот на Таткото, Синот и Светиот Дух...

Крштавањето е најсвечено одрекување од светот. Оние кои се крс тени во тројното име на Таткото, Синот и Светиот Дух јавно изјавуваат на самото влегување во својот христијански живот дека се откажале од службата на сатаната и дека станале членови на царското семејство, деца на небесниот Цар. Тие се покориле на заповедта: „Излезете од нивната средина и одделете се... и не допирајте се до нечисто.“ На нив се исполнило ветувањето: ‘Јас ќе ве примам и ќе ви бидам Татко, а вие ќе Ми бидете синови и ќерки, вели Господ Седржителот’ (2. Коринтјаните 6:17,18).“ – *6. Сведоштво, 91.*

5. СВЕЧЕНО ОДДЕЛУВАЊЕ ОД ГРЕВОТ

а. Кои одредби ги воспоставил Христос наместо обредот Пасха? Кој учествувал во овој празник со Него? Марко 14:12-15.

„Господовата вечера не треба да се слави само повремено или еднаш годишно, туку почесто од годишната Пасха. Оваа свечена одредба одбележува далеку поголем настан од избавувањето на децата на Израел од Египет. Ова избавување било слика на големото помирување што Христос го направил жртвувајќи го својот живот за конечно избавување на Неговиот народ.

Оваа уредба не треба да биде ексклузивна, како што многумина би го направиле тоа. Секој мора да учествува во тоа јавно и вака да сведочи: Го прифаќам Христа како мој личен Спасител. Тој го дал својот живот за мене за да бидам и јас спасен од смртта.“ – *The Faith I Live By, 302.*

„Бев посочена во времето кога Исус ги одвел своите ученици насамо, во горната соба, и кога најпрвин ги измил нивните нозе, а потоа им дал да јадат од искршениот леб кој го претставувал Неговото скршено тело, и да пијат сок од лозата кој ја претставувал Неговата пролеана крв. Видов дека сите треба да пристапуваат со разбирање, и да го следат Христовиот пример во овие работи, а кога присуствуваат на овој обред, треба да се одвојат што е можно повеќе од неверниците.“ – *Review and Herald, November 1, 1850.*

б. Што претставувал бескваснoт леб? 1. Коринтјаните 5:6-8.

„На народот му било кажано да отстрани од своите домови секаков квасец за време на празникот Пасха на ист начин како што му било кажано да отстрани секој грев од своето срце.“ – *Христовите очигледни поуки, 95,96.*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Што ја открива нашата секојдневна потреба за очистување денес повеќе отколку кога било порано?**
2. **Каква паралела (примена) има денес исопот во пасхалната служба?**
3. **Зошто обредот на понизноста е толку важен за нас во овие последни денови?**
4. **На кој начин некогашното мешање со необрезаните се повторува и денес?**
5. **Какво одделување е потребно додека се прима вечерата Господова?**

Од вознесување до конечно помирување

„Сè има свое време, и секоја работа под небото има свое време.“ - Проповедник 3:1

„Христовите чуда се доказ за Неговото божество; но најсилните докази дека Тој е Откупител на светот се наоѓаат во пророштвата на Стариот завет споредени со пророштвата на Новиот завет.“ —The Spirit of Prophecy 3, 211.

ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Големата борба, 323–332,352.

Недела 20. октомври

1. ПРВИ ПЛОДОВИ

а. Што симболично е прикажано со снопот од жито со кој е мавтано пред Господа на почетокот на жетвата (Левитска 23:9-11)? Матеј 27:50-53; 1. Коринтјаните 15:17-20.

„Христос воскреснал од мртвите како прв плод на оние кои заспале. Тој бил остварување на старозаветниот симбол за вртениот сноп и Неговото воскресение се случило токму оној ден, кога требало да се принесе тој сноп на Господа. Овој симболичен обред се вршел повеќе од илјада години. Од жетвените ниви биле собирани првите зрели класја и кога народот Доаѓал во Ерусалим на Пасха, мавтал со нив во знак на благодарност пред Господа. Додека овој обред не се извршил, српот не почнувал да жнее и житото да се собира во снопови. Снопот посветен на Бога ја претставувал жетвата. Така, Христос како првина ја претставувал големата духовна жетва, која ќе се собере за Божјото царство. Неговото воскресение е симбол и залог за воскресение на сите мртви праведници.“ —*Копнежот на вековите, 785,786.*

„Тој, како лелеави снопови му ги претставува на Таткото оние што воскреснале заедно со Него како претставници на она силно мноштво што ќе воскресне од гробот при Неговото второ доаѓање.“ —*Копнежот на вековите, 834.*

2. ПЕДЕСЕТНИЦА

а. Бидејќи во старозаветното време празникот на жетвата бил славен педесет дена по приносот на вртениот сноп, каква жетва на души е собрана на празникот Педесетница? Дела 2:1,4,7,8,41.

„Еврејските водачи претпоставувале дека со Христовата смрт ќе заврши Неговото дело. Наместо тоа, тие биле очевидци на чудесните сцени на Педесетница. Тие ги слушале апостолите, проникнати со дотогаш непозната сила, проповедајќи го Христа, а нивните зборови биле потврдувани со знаци и чудеса. Во Ерусалим, во тврдината на еврејството, илјадници луѓе отворено покажувале вера во Исуса Назареќанецот како Месија.

Учениците биле изненадени и пресреќни поради обилната жетва во обратувањето на души.“ – *Делата на апостолите, 44.*

„Каков бил резултатот од излевањето на Духот на денот Педесетница? Радосната вест за воскреснатиот Спасител е однесена до најоддалечените краишта на тогашниот настанет свет. Кога учениците ја објавувале пораката на спасението, срцата ѝ се покорувале на силата на пораката. Заедницата (црквата) ги примала обратените души што ѝ пристапувале од сите страни. Отпадниците се обратиле, а грешниците се соединиле со верниците да го бараат драгоцениот бисер на вистината. Некои, кои биле најогорчени противници на евангелието, станале негови поборници...

Со никакви закани не можеле да бидат спречени ниту заплашени. Господ проговорил преку нив и кога оделе од место до место им го проповедале евангелието на сиромасите, при што ги придружувале силни чуда на божествената милост.

Така силно може Бог да дејствува кога луѓето ќе се стават под контрола на Неговиот Свети Дух.“ – *Делата на апостолите, 48,49.*

б. Како ова може да нè инспирира и нас во денешно време? Дела 5:30-32.

„Ветувањето за дарот – за Светиот Дух – не е ограничено на ниту една епоха, ниту на еден народ. Христос рекол дека божествената сила на Светиот Дух ќе почива врз Неговите следбеници сè до крајот. Од денот Педесетница, па сè до денеска, Утешителот им е упатуван на сите кои целосно му се посветиле на Господа и на Неговата служба. Светиот Дух доаѓал како советник, просветител, водач и сведок на сите што го примиле Христа како личен Спасител. Живеејќи во подлабока тесна врска со Бога, верниците сè појасно и посилно сведочеле за љубовта и за спасоносната милост на својот Откупител.“ – *Делата на апостолите, 49.*

3. ОГЛАСУВАЊЕ НА ТРУБИТЕ

a. Во еврејскиот празничен систем трубите го обележувале свечениот ден на конечното чистење. Каква паралела со ова можеме да пронајдеме во учењето на Вилијам Милер? Левитска 23:23-25; Матеј 24:32,33.

„(Бог) ги испратил Своите избрани гласници да го објават на светот приближувањето на последниот суд.“ — *Големата борба, 339.*

„Речиси во секој град по неговите проповеди се обраќале по дваесетина, а во некои места и по стотици од нив. Во многу места ширум му ги отворале вратите речиси во сите протестански цркви; поканите обично му ги упатувале проповедници од разни верски заедници. Негово установено правило било да не зборува ниту во едно место каде што не е повикан; меѓутоа, наскоро не бил во состојба да одговори ниту на половина од поканите кои му биле упатувани од сите страни. Многумина што не го прифатиле неговото мислење во врска со точното време на второто Христово доаѓање, сепак биле осведочени во сигурноста и близината на Неговото доаѓање, и во неопходноста од подготовката за тој настан. Во некои од големите градови неговото дело оставило видлив впечаток. Продавачите на алкохолните пијалаци ја напуштале својата работа и своите продавници ги претворале во сали за состаноци, коцкарските дувла исчезнувале, безверниците, деистите, универзалистите, па дури и најнапуштените развратници што со години не присуствувале на никакво богослужение, се поправале. Во сите делови на градот различни цркви вовеле молитвени состаноци речиси во секое време на денот, така што деловните луѓе напладне се собирале на молитва и Му оддавале благодарност на Бога. Тоа не било некое неприродно возбудување, туку израз на сеопштите чувства на свеченост разбудени во срцата на луѓето. Во својата работа Милер, како и поранешните реформатори, повеќе настојувал да ја разбуди совеста и да го осведочи разумот, отколку да предизвика емоции.

Во 1833 година Милер од баптистичката црква, на чиешто членство и припаѓал, добил дозвола да проповеда. Мнозина од проповедниците на неговата црква биле осведочени дека тоа што тој го работи е добро, и со нивното формално одобрување тој го продолжил своето дело.“ — *Големата борба, 331,332.*

„Учењето за Христовото доаѓање ги разбудило оние што го прифатиле, и тие ја увиделе неопходноста од покајание и понизноста пред Бога. Многумина долго се колебале помеѓу Христа и светот, но сега почувствувале дека е време да заземат решителен став. ‘Она што е вечно и непоминливо во нивните очи добило невообичаена реалност. Небото им се приближило, а тие се чувствувале виновни пред Бога’ - Блис, стр. 146. Христијаните се разбудиле во нов духовен живот. Тие чувствувале дека времето е кратко и дека она што мора да го направат за своите ближни мораат да го направат брзо. Земјата и сè што е на неа за нив изгубило секакво значење, а вечноста како веќе да беше отворена пред нив и спасението на душите со сето она што се однесува на вечното блаженство или вечната смрт, го потиснало сето она што е поминливо и овоземно.“ — *Големата борба, 340.*

4. ВРЕМЕ И ПОРАКА

а. Како знаеме дека Бог сигурно работи според посебен временски план? Проповедник 3:1; Марко 1:14,15.

„Евангелската порака што ја објавил Спасителот се засновала на пророштвата. 'Времето' за кое Тој рекол дека се исполнило, бил периодот што ангелот Гаврил му го објавил на Даниел." ¬– *Копнежот на вековите, 232.*

б. Која историја го потврдува пророчкото истражување на Вилијам Милер? Даниел 9;24-27.

„Ангелот Гаврил му го открил на Даниел времето на првото доаѓање како и некои од главните случувања врзани со животното дело на Спасителот. 'Седумдесет седмици,' рекол ангелот, 'му се одредени на твојот народ и на твојот свет град за да се сврши престапот и да исчезне гревот и да се исчисти беззаконието и да сѐ доведе вечна праведност, и да се запечати видението и да се помаза светиот над светиите'. (Даниел 9:24). Во пророштвото еден ден претставува една година. (Види Броеви 14:34). Седумдесет седмици или четиристотини и деведесет дена значи четиристотини и деведесет години. Даден е и почетокот на овој период: 'Затоа знај и разбери: откако излезе заповедта Ерусалим повторно да се изгради до помазаникот и водачот ќе има седум седмици, и шеесет и две седмици' шеесет и девет седмици или четиристотини осумдесет и три години. Наредбата Ерусалим 'повторно да се изгради' ја исполнил Артарксеркс Лонгиманус (види Ездра 6:14; 7:1,9) и таа стапила на сила во есента 457 година пред Христа. Сметајќи од таа дата, 483 година достигнува до есента 27 година по Христовото раѓање. Според пророштвото тој период требал да достигне до Месијата, Помазаникот. Исус во 27-та година со крштевањето го примил помазувањето на Светиот Дух и наскоро после тоа ја започнал својата служба. Тогаш била упатена веста: 'Времето се исполни'. (Марко 1:15).

Ангелот потоа рекол: 'И ќе го утврди заветот со мнозина за една седмица (седум години)'. Евангелието требало да им се проповеда посебно на Евреите во текот на седум години од почетокот на службата на Спасителот; Самиот Христос требал да проповеда три и пол години, а после Него апостолите. 'А во половината од седмицата ќе ги укине жртвата и приносот'. (Данило 9:27). Во пролетта 31-та година по Христа, Христос, вистинската жртва, била принесена на Голгота...

Една седмица седум години завршила во 34-тата година. Тогаш Евреите го каменувале Стефан и засекогаш ја запечатиле својата судбина со отфрлање на Евангелието " ¬– *Пророци и цареви, 698,699.*

5. СИГУРЕН ПРОРОЧКИ ТЕМЕЛ

а. Иако Вилијам Милер не ги разбирал во целост сите фази на Христовата посредничка служба, која тема била основа на неговиот повик на покајание? Даниел 8:14. Кој повик ни е упатен нам денес? 1. Петрово 1:15,16.

„Откако седумдесетте седмици - 490 дена - ќе се одземат од 2300 денови, остануваат уште 1810 дена. По истекот на 490. дена, односно години, дадени на Евреите треба да се навршат уште 1810 години. Сметајќи од 34 години по Христа, преостанатите 1810 години достигаат до 1844 - та година. Според тоа 2300 денови од книгата на пророкот Даниел 8:14 се завршуваат во 1844 година. По истекувањето на големиот временски период, требало да настапи она што го рекол ангелот во споменатото видение: 'тогаш светињата ќе се исчисти'." ¬– *Големата борба, 328.*

„Милер, како што веќе беше споменато, го прифатил тогаш распространетото мислење дека Земјата е светиња и веруваше дека чистењето на светињата значи чистење на Земјата со оган за време на Христовото доаѓање. Затоа кога пронашол дека крајот на 2300 денови е точно проречен, заклучил дека на тој начин е откриено времето на второто Христово доаѓање. Неговата заблуда потекнува оттаму што го прифатил општо - распространетото мислење за тоа што е светиња." ¬– *Големата борба, 352.*

„Големиот ден се приближил и народот по Божјото Провидение бил ставен на проба во поглед на одреденото време, за да се открие што му било во срцето на секој од нив. Целта на објавувањето на оваа порака била црквата да се испита и исчисти. Нејзините припадници морале да бидат наведени самите да увидат дали нивните чувства се врзани за овој свет или за Христа и небото. Тврделе дека Го љубат Господа, а сега требало таа своја љубов и да ја докажат." ¬– *Големата борба, 353.*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како симболично е прикажано Христовото воскресение и на оние кои станале со Него?**
2. **Кој евангелски настан ја открива највредната жетва која можеме да ја пожнееме?**
3. **Која била карактеристиката на состаноците на Вилијам Милер?**
4. **Зошто за нас е пресудно да ги разбереме библиските пророштва засновани на времето?**
5. **До кое откритие дошол Вилијам Милер во своите истражувања, и на кој начин тоа претставувало тест за ставот на црквата?**

Доброволен прилог во првата сабота
За седиште на Конференцијата во јужен Минданао

Минданао е втор најголем и најјужен остров на Филипините. Тоа е и име на една од трите групи на острови на оваа држава (другите две се Лузон и Висајас). Таа се состои од островот Минданао (со околу 18 милиони жители) и повеќе мали оддалечени острови..

Преку 70% од жителите на Филипини исповедаат римокатоличка вера; 17% с е протестанти; 5-10% се муслимани, а остатокот го чинат будисти и припадниците на другите религии.

Јазикот кој најмногу се користи на островот Минданао е Себуано (Бисаја), иако официјалните јазици се филипино и англискиот.

Од својот зачеток во 1958. година, делото на Реформното Движење на Адвентистите на седмиот ден на Филипините започнало на островот Минданао, особено во градот Давао. Подоцна е купен имот во градот Дигос, Давао дел Сур, и тоа требало да стане прва централна мисија во земјата. Со Божја милост делото напредувало – и од таа прва мисија се ширело во целата земја, така што денес имаме основано унијска конференција со пет полски конференции и мошне активно членство.

Во овој момент, зградата на таа централа е доста стара и браќата, наместо да ја реновираат, одлучиле да изградат нова како би можеле да ги задоволат потребите на полските конференции во нивните активности. Оваа нова зграда ќе содржи спални соби, тоалети и конференциска сала во која ќе се одржуваат состаноци за реорганизација.

„Би требало да сметаме за предност да бидеме Божји соработници со тоа што ги даваме своите средства за започнување на дејности кои ќе ги извршат Неговите намери во светот. Сите кои го поседуваат тој Христов дух ќе имаат и нежно, сожаливо срце и отворена, великодушна рака. Никој не може да биде навистина себичен ако Христос ги преокупира сите негови мисли.“ - *The Review and Herald, April 18, 1912.*

Нашите браќа собираат средства за овој проект и пред нив е долг пат до неговиот завршеток. Наша искрена желба и молитва е Господ да ја благослови вашата великодушност во унапредувањето на Неговото дело во оваа област.

– *9. Сведоштво, 49.*

Вашите браќа од Конференцијата во јужен Минданао

Ден на очистување

„Зашто во тој ден ве очистуваат, за да ве очистат од сите ваши гревови, и да бидете чисти пред лицето Господово.“ – Левитска 16:30.

„Живееме во големиот Ден на помирувањето и сега е време сите да се покајат пред Бога, да ги признаат своите гревови и со жива вера да се потпрат врз заслугите на распнатиот и жив Спасител.“ ¬– Testimonies to Ministers, pp. 224, 225.

ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Големата борба, 352-354, 409-422.

Недела 27. октомври

1. ЗАВРШНА СЛУЖБА

а. Која суштинска вистина за светињата милеритите ја превиделе, а потоа тоа и го сфатиле? Левитска 16:29-31; Евреите 8:1,2; 9:24.

„По нашето разочарување, повторно со молитва најсесрдно ја проучувавме Библијата и по извесен период на неизвесност и недоумица, светлоста продре низ темнината што нѐ обвиткуваше, а сомнежите и несигурноста ги снема.

Сега стана јасно дека пророштвото од книгата на пророк Даниел 8:14, не се однесува на чистење на Земјата, туку на завршното дело на нашиот Првосвештеник на небото, на завршетокот на Неговата откупителна мисија и подготовка на народот за да може да опстане на денот на Неговото доаѓање.“ ¬– *1. Сведоштво, 58.*

„Во симболичниот систем на старозаветното богослужение кое било само претслика на Христовата жртва и на Неговата свештеничка служба, исчистувањето на светињата бил последениот чин што свештеничкиот поглавар го вршел според годишниот ред на своите службени обреди. Тоа било завршно дело на помирување - отстранување или однесување на гревот од Израел. Тоа симболично претставувало завршен чин во службата на нашиот Првосвештеник на небото - отстранување или бришење на гревовите на Неговиот народ што се забележани во небесните книги. Оваа служба го претставува делото на истражниот суд кој треба непосредно да му претходи на Христовото доаѓање на небесните облаци со голема сила и слава; зашто кога Тој ќе дојде, случајот на секој поединец веќе ќе биде решен.“ ¬– *Големата борба, 352.*

2. СВЕЧЕНО ВРЕМЕ

а. Каде нашиот Првосвештеник, Исус Христос, ја врши службата од завршетокот на 2300 дена во 1844. година, и зошто тоа е толку важно? Евреите 9:1-3; Откровение 3:7; 11:19.

„Видов дека Исус ја затвори вратата од светињата и никој не може да ја отвори, а ја отвори вратата од светињата над светињите и никој не може да ја затвори (Откровение 3:7,8); и дека од оној момент кога Тој ја отворил вратата од светињата над светињите, каде што се наоѓа ковчегот на заветот, заповедите ги осветлуваат Божјите деца и празнувањето на саботата за нив станува тест.“ – *Рани списи, 42.*

б. Што мораме да сфатиме во овој историски момент? 1. Тимотеј 5:24.

„Живееме во големиот Ден на помирување, кога нашите гревови, признаени и покајани, треба да одат пред нас на суд. Бог сега не прифаќа млако и безживотно сведоштво од Неговите проповедници. Таквото сведоштво не би ја претставувало сегашната вистина. Пораката за денешно време мора да биде правовремена храна која ќе ја нахрани Божјата црква. Но, сатаната се труди постепено да ја ослаби силата на оваа порака како луѓето не би биле подготвени да се одржат во Господовиот ден.

Нашиот голем Првосвештеник во 1844. година влегол во најсветото место на небесното светилиште, како би отпочнал со делото на истражниот суд. Бог почнал да ги прегледува случаите на умрените праведници. Кога тоа дело ќе се приведе кон крај, ќе почнат да се изрекуваат пресуди над живите. Колку се скапоцени, колку се важни овие свечени моменти!“ ¬– *Selected Messages, bk. 1, pp. 124, 125.*

3. ИСТРАГА – СЛУЧАЈ ПО СЛУЧАЈ

а. Што покажува дека судот се однесува на секого од нас поединечно? Проповедник 11:9; Матеј 12:36; Данил 7:9,10.

„Случајот на секој од нас чека на ред на небесниот суд. На секого од нас ќе му биде судено според делата направени во телото. Во земната служба, додека првосвештеникот го вршел делото на помирување во најсветото место на земното светилиште, од луѓето се барало да ги мачат своите души пред Бога и да ги признаат своите гревови како би можеле да добијат помилување и да им бидат избришани гревовите. Дали нешто помалку се бара од нас во овој вистински ден на помирување, кога Христос во небесната светиња се изјаснува во име на својот народ, а конечната и неотповиклива одлука треба да биде изречена над секој човек?“ – *Selected Messages, bk. 1, p. 125.*

б. На какво размислување сето ова треба да нѐ наведе? Проповедник 12:13,14.

„Каква е нашата состојба во ова страшно и свечено време? За жал, каква гордост преовладува во црквата, какво лицемерие, каква измама, каква љубов кон модата, несериозноста и забавата, каква желба за превласт? Сите овие гревови го замаглиле умот, така што вечните работи не можат да се распознаат. Зарем нема да го проучуваме Светото Писмо за да сознаеме каде се наоѓаме во историјата на овој свет? Зарем нема да станеме мудри во однос на делото кое се врши за нас во ова време и положбата која ние како грешници треба да ја заземеме додека се одвива делото на помирување? Ако го имаме во предвид спасението на нашите души, ние мораме да направиме одлучна промена. Мораме да го бараме Господа со вистинско покајание; ние мораме со длабоко скрушени души да ги признаеме нашите гревови за да бидат избришани.

Не смееме повеќе да се задржуваме на маѓепсаниот терен. Бргу се приближуваме кон крајот на нашата проба. Нека секоја душа се запраша: Како стојам пред Бога? Не знаеме во кој момент Христос може да ги изговори нашите имиња и конечно да ги реши нашите случаи. Ох, какви одлуки ќе бидат донесени! Дали ќе бидеме вброени меѓу праведните или ќе бидеме вброени меѓу злите?“ – *Selected Messages, bk. 1, p. 125,126.*

„Свечени се сцените поврзани со завршното дело на помирување. Фактите во врска со нив се од пресудно значење.“ – *The Spirit of Prophecy 4, 314, 315.*

.

4. ЛОГИЧНО ВРЕМЕ

а. Зошто истражниот суд е неопходен пред Христовото доаѓање? Матеј 16:27; Откровение 22:12.

„Како што во старо време, гревовите на народот кои со вера биле пренесувани прво на жртвата, а потоа со нејзината крв, симболично, во земната светиња, така и во Новиот завет гревовите на оние што се каат со вера се пренесуваат на Христа и преку Него на небесната светиња. И како што чистењето на земната светиња симболично е вршено со отстранување на гревовите со кои таа била извалкана, така мора да биде извршено и вистинско исчистување на небесната светиња со отстранување или со бришење на гревовите, кои се запишани таму. Но пред да може да се изврши тоа, мораат да се прегледаат книгите за да се утврди кој со покајание на гревовите и со вера во Христа, се здобил со право да се користи со благодатта на Неговото помирување. Затоа со чистењето на светињата е опфатено и делото на истражување - делото на истражниот суд. Оваа дело мора да биде извршено пред Христос да дојде да го спаси Својот народ, зашто кога Тој ќе дојде, со Него ќе дојде и Неговата плата. ‘За да му даде на секого според делата негови’ (Откровение 22:12).“ – *Големата борба, 421,422.*

б. Од кого започнува судот? 1. Петрово 4:17.

„Во симболичната служба во Стариот завет на Денот на исчистувањето, во богослужението можеле да земат учество само оние што пред Бога ги признале своите гревови и се покајале, и чиишто гревови со крвта на жртвата за грев биле пренесени во светињата. Така и во големиот ден на конечното исчистување и на истражниот суд, ќе се разгледуваат само случаите на оние што тврдат дека се Божји народ. Судењето на безбожниците е посебно и одделено од ова, и ќе се одржи подоцна.“ – *Големата борба, 480.*

в. Кога на злите ќе им биде судено, и кој ќе го направи тоа? 1. Коринтјаните 6:2,3.

„Во текот на овие илјада години, помеѓу првото и второто воскресение, ќе им се суди на непокајаните... Во тоа време, како што прорекол и Павле, ‘светиите ќе му судат на светот’ (1. Коринтјаните 6:2). Заедно со Христа тие ќе им судат на непокајаните.“ – *Големата борба, 660,661.*

5. ВО СКЛАД СО СТАНДАРДОТ

а. Што Бог со својата милост чини во својата грижа да го избегнеме конечниот суд? Римјаните 8:28,29; Ефесјаните 4:11-13.

„Божјата цел да нѐ доведе до себе е да нѐ обликува според Христовиот лик.“ – *The Review and Herald, January 21, 1896.*

„Карактерот на вистинскиот, понизниот, искрениот христијанин полека ќе станува совршен, а неговото срце постојано ќе се обликува според Христовиот лик. Неговиот живот ќе биде проникнат со добродетелство и љубов. Таквите ќе бидат утврдено во Бога. Делото кое го започнало милоста, ако се комбинира со искрени напори да се приближиме до Исуса, ќе го доврши славата во Божјото царство.“ – *The Review and Herald, June 3, 1880.*

б. Зошто Божјиот закон е неопходен во процесот на обликување на нашиот карактер според Христовиот лик? Римјаните 7:7; 1. Тимотеј 1:8-10; 1. Јованово 1:9.

„Големо дело мора да се направи за сите нас пред да достигнеме совршенство на христијански карактер. Божјиот закон е мерило на правдата. Тој е огледало во кое треба да се огледаме како би ги виделе недостатоците во нашиот карактер. Кога гледаме во обично огледало, тоа ни укажува на недостатоците на нашата личност, но не отстранува никаква дамка; ако сакаме да станеме чисти, мора да се измиеме. Така е и со Божјиот закон. Тој е Божјото големо огледало или морален детектор на гревот; но во законот нема спасоносна сила; тој нема моќ да му прости на престапникот... Тогаш кое дело се наоѓа пред грешникот? Тој треба да се покае пред Бога, и да покаже вера во нашиот Господ Исус Христос. Во Неговата скапоцена крв сите дамки на гревот можат да се измијат.“ – *The Present Truth, November 3, 1885*.

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Зошто за милеритите било важно да истраат во своето проучување на Библијата?**
2. **Кое е значењето на „отворените и затворените врати“ од Откровение?**
3. **Зошто вистината за истражниот суд е толку значајна?**
4. **Зошто на праведните и непокајаните им се суди во различно време?**
5. **Што треба да направиме кога законот ќе ги открие нашите карактерни недостатоци?**

Трезвеност

„Но близу е крајот на сè. Па бидете мудри и бодри во молитвите.“ – 1. Петрово 4:7.

„Ние за ниеден момент не смееме да попуштиме во нашата будност... Ние живееме во големиот Ден на помирување и постојано треба да го проучуваме светото дело на Христа кое Тој го врши за Божјиот народ во небесното светилиште.“ – 5. Сведоштво, 520.

ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: ***Големата борба, 479–491.***

Недела 3. ноември

1. СВЕЧЕН МОМЕНТ

а. Што во еврејската нација го обележувало времето на првосвештеничката служба во светињата над светињите? Левитска 16:29,30.

„Подигнувањето на таа завеса (на влезот во светињата над светињите) и недозволеното влегување во светата таинственост на Светињата над светињите, значело сигурна смрт. Бидејќи таму, над престолот на милоста престојувала славата на Најсветиот – слава, која ниеден човек не може да ја види и да остане жив. Во текот на еден ден во годината што бил одреден за служба во Светињата над светињите, првосвештеникот треперејќи влегувал кај Божјото присуство, додека облаци темјан ја криеле славата од Неговиот поглед. Сите звуци низ дворовите на храмот замирале. Свештениците не служеле кај жртвениците. Мноштвото обожаватели, длабоко наведнати во тивко стравопочитување, ги упатувале своите молитви за Божја милост.“ – Здравје и среќа, 437,438.

„Првосвештеникот секогаш тука влегувал со трепет, додека за тоа време народот го чекал неговото враќање во свечена тишина и искрено се молел на Бога за Неговиот благослов. Кај престолот на милоста Бог разговарал со првосвештеникот. Ако во светињата над светињите свештеникот останувал необично долго, народот често бил уплашен плашејќи се дека Божјата слава го убила поради нивните или некој негов грев.“ – *The Spirit of Prophecy 1, 274, 275.*

„Нека црквата започне со делото на чистење пред Бога преку покајание, понизност и длабоко истражување на срцето, бидејќи се наоѓаме во несимболичниот Ден на помирување – сериозно време кое донесува вечни последици.“ – *Selected Messages 2, 378.*

2. ИЛУСТРАЦИЈА ЗА НАС

а. Како свеченоста на годишната служба го одразува сегашното дело на нашиот Првосвештеник во светињата над светињите во небесното светилиште? 1. Коринтјаните 10:11; Софонија 2:1-3.

„Ние сега живееме во големиот ден на исчистување. Во симболичната служба на Стариот завет, додека свештеничкиот поглавар ја вршел службата за помирување на Израелците, секој морал да ја мачи својата душа со исповедување на гревовите и со понижување пред Господа, за да не биде истребен од народот. На сличен начин, сите оние што сакаат имињата да им останат во книгата на животот, треба сега и во овие неколку преостанати денови на милост и проба, да ја мачат својата душа пред Бога со жалење, поради направените гревови и со искрено покајание. Тие мораат длабоко и совесно да ги преиспитаат своите срца. Мораат да го отфрлат лекомислениот и суетен дух на кого му се предале многу таканаречени христијани. Сите оние што сакаат да ги совладаат лошите наклоности, што сакаат целосно да загосподарат со нив ги чека уште посериозна борба. Делото на подготовка е лична задача на секој поединец. Душите не се спасуваат групно, туку поединечно. Побожноста и чистотата на еден не можат да го надоместат недостатокот на овие особини кај другиот. Иако сите народи мораат да излезат пред Бога за да примат суд, сепак Тој, случајот на секој поединец ќе го испита со таква точност како да не постои повеќе ниту едно друго суштество на Земјата. Секој мора да биде испитан и да биде пронајден без мани и недостатоци или слично нешто.“ – *Големата борба, 489,490.*

а. Кои предупредувања на Спасителот посебно се однесуваат на нас денес? Марко 13:33; Откровение 3:3.

„Сцените што се поврзани со завршното дело на исчистување, мошне се свечени. Во прашање се мошне значајни и важни интереси. Сега горе во небесната светиња заседава суд. Ова дело е во тек веќе многу години. Набргу - никој не знае кога, ќе се помине на случаите на живите. Нашиот живот ќе се разгледува во возвишеното присуство на Бога...

Кога ќе заврши делото на истражниот суд, тогаш судбината на секој поединец дефинитивно ќе биде решена: за живот или за смрт. Времето на милоста и пробата ќе се заврши малку пред Господ да се појави на небесните облаци...

И праведните и непокајаните сè уште ќе живеат на Земјата во својата смртна состојба - луѓето ќе садат и ќе градат, ќе јадат и ќе пијат, сосема несвесни дека горе во светињата е изговорена последната и неотповикливата одлука.“ – *Големата борба, 490,491.*

3. ДА ВНИМАВАМЕ

а. Која вистина мора да биде длабоко всадена во умот на секој христијанин во овој период од историјата? 1. Коринтјаните 10:12; 1. Петрово 4:7.

„Сите што ќе го прифатат Спасителот, колку и да е искрено нивното преобратување, никогаш не смеат да тврдат или да мислат дека се спасени. Тоа може да ги заведе од вистинскиот пат. Секој треба да биде поучуван да не губи надеж и вера; но дури и тогаш, кога себеси ќе му се предадеме на Христа и кога знаеме дека Тој нѐ прифатил, не сме надвор од досегот на искушенијата... Наша единствена сигурност е непрекратната недоверба во себе и постојаното потпирање врз Христа.“ – *Христовите очигледни поуки, 155.*

„Би било секој од нас добро да застане пред огледалото - возвишениот Божји закон - и во него да го види ликот на сопствениот карактер. Треба грижливо да внимаваме да не поминат незабележано знаците на опасност и опомените дадени во Неговата реч. Ако ги занемариме тие опомени и ако не ги совладаме недостатоците на карактерот, тие недостатоци ќе го совладаат оној што ги поседува и тој ќе западне во заблуда, отпадништво и отворен грев. Умот кој не се издига до највисокиот степен ќе го загуби и она што некогаш го стекнал, кога неговите сили ќе попуштат.“ – *5. Сведоштво, 537.*

„Ние со целосно прифаќање на Божјата волја ќе се најдеме на поволно место од кое ќе ја увидиме потребата за одлучно одвојување од обичаите и практиките на светот. Своите мерила не смееме да ги издигнеме само малку над световните; напротив, таа линија на демаркација треба да биде целосно видлива.“ – *Fundamentals of Christian Education, 289.*

б. Кое предупредување треба да го извлечеме од Исусовата молитва на Отецот која го открива Неговиот план за секого од нас? Јован 17;17.

„Ако седите во друштвото на оние кои ја љубат лагодноста, со зборовите на вашите усни, ‘Јас сум спасен’, додека истовремено ги занемарувате Божјите заповеди, ќе бидете засекогаш изгубени. Вистината во Исуса е застрашувачка во очите на оние кои сакаат удобност и неработење. Но вистината во Исуса е преполна со смирувачка радост за оние кои се послушни. Тоа е радост која ја дава Светиот Дух. Затоа одлучете да го отворите умот и срцето како би можеле да го видите секој зрак на светлина која доаѓа од Божјиот престол.

Сега не е време да бидеме рамнодушни, безгрижни и љубители на уживања. Христос доаѓа со сила и голема слава. Дали сте подготвени? Дали ги оставате вашите гревови? Дали се посветувате преку вистината како одговор на Христовата молитва?“ – *Selected Messages, bk. 1, p. 318.*

.

4. БЕГАЊЕ ОД СИНДРОМОТ

а. Додека ја врши службата во светињата над светињите, каков став препознава Исус како тажна реалност карактеристична за овој последен период од црковната историја? Откровение 3:14-16.

„Гласниците биле испратени со вести на опомена, укор и молба. Божјите слуги плачеле и се молеле поради млаката состојба во која се наоѓа црквата. Некои можеби и ќе станат, но само затоа повторно да паднат во несвесност за своите гревови и опасности. Страст, световност, злоба, завист, гордост, борба за превласт, сето тоа ги слабее нашите цркви. Некои Христови претставници носат тежок товар на својата душа, затоа што нивната порака многумина ја сметаат за празна приказна. Гледајќи низ вековите, Исусовото око било насочено на нашето време за кое Тој рекол: 'Кога би можел во овој ден и ти да го дознаеш она што е потребно за твојот мир'. Сè уште е твојот ден Божја црко, која Тој ја направил чувар на Неговиот закон. Но овој ден на проверка и проба бргу се приближува кон крајот. Сонцето забрзано оди кон запад. Може ли да се случи тоа да зајде, а ти нема да знаеш што е потребно за твојот мир? Мора да се донесе неотповиклива пресуда: 'Но тоа е сега сокриено од твоите очи'? Ти кажувам дека постои потреба за узбуна." – *The Review and Herald, November 2, 1886.*

б. Која срдечна молба Господ ја упатува до сите нас? Откровение 3:17-21.

„Време е срдечно да го бараме Бога, велејќи заедно со Јаков: 'Нема да Те пуштам, додека не ме благословиш'. Нема да ни биде од никаква корист ако вложиме грчевити напори, само да се вратиме во духовна летаргија и млакост. Минатото со отфрлена милост, неуважените опомени, непосветените земни страсти, неискористените предности, храмот на душата исполнет со оскверното светилиште – сето тоа е запишано во небесните книги. Но, најсвечените моменти сè уште се пред вас. Поради запоставеното минато, напорите кои сега ги вложувате мораат да бидат уште поискрени.

Спасителот му зборува на својот народ: 'Биди ревностен и покај се'. Не се проповедниците оние кои сте ги отфрлиле; не се тоа опомените на луѓето што сте ги отфрлиле; не се моите избрани пророци кои сте одбиле да ги послушате, туку вашиот Искупител, вашата единствена надеж. Ако бидете уништени, тоа ќе биде само ваша одговорност." – *The Review and Herald, November 2, 1886.*

5. ДА СЕ ПОКЛОНИМЕ ПРЕД ГОСПОДА

а. На кој начин вистинските Христови следбеници во последните денови се разликуваат од оние во светот? 2. Тимотеј 3:2 (прв дел); Јаков 4:10.

„Дали нашите цркви ќе се понижат пред Господа во овој ден на помирување? Дали ќе ги отфрлат гревовите кои ја валкаат облеката на нивниот карактер и ги раздвојуваат од Бога? Денес е денот на нашата посета. Не гледајте во иднината, како на поволно време, кога крстот кој треба да го понесете ќе биде полесен, кога со помалку напори ќе се спротивставите на склоностите на телесното срце. 'Денес', вели Божјиот Дух, 'ако го чуете Неговиот глас, не закорувајте ги вашите срца'. Денес одите на работа, бидејќи другпат можеби ќе биде премногу доцна. Чувството кое денес го имате утре можеби нема да биде толку силно. Сатаната можеби ќе ве фати во својата стапица. Вашиот светилник можеби ќе биде отстранет од своето место, а вие ќе бидете оставени во темнина. 'Гледајте да не Го отфрлите Оној Кој зборува'. Верниот Сведок зборува: 'Ете, стојам пред вратата и чукам'. Секоја опомена, укор и молба напишани во Божјата Реч или изговорени преку неговите избрани пророци, претставува чукање на вратата на срцето; тоа е Исусовиот глас кој сака да влезе. Со секое чукање кое го занемарувате, вашата одлучност да отворите станува сè послаба. Ако Исусовиот глас не го послушаме веднаш, тој во нашиот ум се меша со мноштвото други гласови, световните грижи и работите го преокупираат вниманието, а осведоченоста исчезнува. Срцето станува сè помалку чувствително и паѓа во опасна несвесност за краткоста на времето и за возвишената вечност. Небесниот Гостин стои на твоите врата, додека ти ги насобираш пречките кои Му го оневозможуваат влезот. Исус чука преку благосостојбата што ти ја дава. Тој ти дава обилни благослови како би ја искушал твојата вера, за тие благослови од тебе да бидат пренесени и на другите. Дали ќе дозволиш твојата себичност да надвладее." – *Review and Herald, November 2, 1886.*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Зошто народот бил загрижен ако првосвештеникот повеќе би се задржал во светињата над светињите??**
2. **Зошто сегашниот ден на помирување повикува на свеченост од наша страна?**
3. **И покрај оваа реалност, каков е ставот на мнозина кои го исповедаат христијанството?**
4. **Како можеме да бидеме избавени од проблемите на Лаодикеја?**
5. **На кои сè начини Исус тропа на вратата на моето срце?**

Книги

„Потоа ги видов мртвите, мали и големи, како стојат пред Бога; се отворија книги, и друга книга се отвори - книгата на животот; и судени беа мртвите според запишаното во книгите, според делата нивни.“ – Откровение 20:12.

„Десет илјади по десет илјади беа собрани пред еден голем престол на кој седеше лицето со исклучително величествен изглед. Пред Него се наоѓаа неколку книги, а на кориците од секоја со златни букви, кои изгледаа како оган што голта, беше напишано: ‘Главен записник на небото.’“ – 4. Сведоштво, 384.

ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: : 4. Сведоштво, 384-387.

Недела 10. ноември

1. СУДЕНИ СПОРЕД ЗАПИШАНИТЕ ИЗВЕШТАИ

а. Како првиот ангел од Откровението го објавува судот, и што во тоа време се случува на небото? Откровение 14:6,7; Даниел 7:9,10.

„Секој ден се запишуваат нашите зборови, постапки и влијанието во небесните книги.“ – *That I May Know Him, 234.*

„Бог ја знае секоја мисла, секоја намера, секој план и секој мотив. Во небесните книги се евидентираат дури и оние гревови кога поединците би ги направиле кога за тоа би ум се укажала можност. Бог ќе го изнесе на суд секое дело и секоја тајна... Бог има совршена фотографија од карактерот на секој човек и оваа фотографија Тој ја споредува со својот закон. Тој на човекот му ги открива недостатоците на неговиот карактер кои го валкаат неговиот живот и го повикува да се покае и одврати од гревот.“ – *The Signs of the Times, July 31, 1901.*

„Нека секој за себе разгледа каков запис е направен во небесните книги во врска со неговиот живот, карактерот и неговиот став кон Бога... Да го преиспитаме своето минато и да видиме дали на Христа сме му дале докази за нашата љубов, трудејќи се да станеме што послични на Него, и работејќи како што Тој работел да ги спасиме оние за кои Тој умрел.“ – *Lift Him Up, 325.*

.

2. ОНИЕ ШТО СЕ ОБЕДИНЕТИ СО ХРИСТА СЕ ВБРОЕНИ

а. Што се случува на небото кога некој ќе се изјасни како Христов слуга? Лука 10:20 (последен дел); Филипјаните 4:3 (последен дел).

„Кога ќе станеме Божји деца, нашите имиња се запишуваат во Книгата на животот на Јагнето, и тие остануваат сè до времето на истражниот суд. Тогаш ќе биде повикано името на секој поединец, и неговиот запис испитан.“ – *In Heavenly Places, 360.*

„Името на црнецот се запишува во книгата на животот покрај името на белецот. Сите се едно во Христа.“ – *Selected Messages 2, 342.*

„Вашето име треба да биде толку чисто така што не може никој оправдано да ве поврзе со нешто нечесно или неправедно, но ќе бидете почитувани од сите добри и непорочни луѓе, и ќе бидете запишани во Книгата на животот на Јагнето, и како бесмртници ќе живеете меѓу светите ангели.“ – *God’s Amazing Grace, 111.*

б. Зошто е неопходно да бидеме вистински водени од Светиот Дух? Римјаните 8:4.

„Божјиот Дух со својата животворна сила, мора да престојува во секое човечко орудие, како духовните мускули и тетиви би ги ставил во постојано движење. Без Светиот Дух, без здивот Божји, совеста е умртвена, а духовниот живот се гаси и исчезнува. Имињата на мнозина кои се лишени од духовниот живот се наоѓаат во книгите на црквата но не се запишани во книгата на животот на Јагнето. Тие можат да бидат членови на црквата, но тоа не значи дека се соединети со Господ. Тие можат да бидат активни па дури и вредни во вршењето на извесни должности, така што можат да се сметаат за живи луѓе; но мнозина од нив имаат само име дека се живи, а всушност се духовно мртви.“ – *Коментари на библиските текстови, 377.*

„Ние не се спасуваме како црква; припадноста на било која деноминација не може да нè доведе во склад со Бога. Ние се спасуваме поединечно како верници во Господа Исуса Христа. ‘Зашто по благодат сте спасени преку верата; и тоа не е од вас - туку дар Божји’. Нашите имиња можат да бидат запишани во книгите на најдуховните цркви, а сепак да не припаѓаме на Христа, и нашите имиња можат да не бидат запишани во книгата на животот на Јагнето.“ – *The Review and Herald, February 10, 1891.*

„Нека членовите на црквата имаат на ум дека нема да ги спаси тоа што нивните имиња се запишани во црковните книги. Тие мораат да докажат дека се избрани од Бога како работници кои немаат од што да се срамат. Од ден во ден, тие треба да го изградуваат својот карактер во согласност со Христовите упатства, пребивајќи постојано во Христа, и непоколебливо верувајќи во Него.“ – *9. Сведоштво, 48.*

3. ПРЕЦИЗНИ ИЗВЕШТАИ

а. Додека нашите имиња се запишуваат во книгата на животот на Јагнето, што сè уште внимателно се бележи? Изреки 15:3.

„Сите ваши постапки, колку и да ги држите скриени, му се познати на вашиот небесен Татко. Пред Него ништо не е тајно ниту скриено. Нему му се познати не се само сите ваши дела туку и побуди кои ве навеле на тоа. Тој знае за секој ваш збор и за секоја ваша мисла.“ – *3. Сведоштво, 82.*

„Запомни дека твојот карактер големиот Уметник го снимил и ставил во небесните книги, исто така прецизно како што лицето се одразува на полираната плоча на уметникот. Што велат небесните книги за твојот случај? Дали сте го усогласиле својот карактер со Моделот, Исус Христос? Дали сте ги измиле облеките на својот карактер и избелиле во крвта на Јагнето?“ – *Testimonies on Sexual Behavior, Adultery, and Divorce, 62.*

„Ако сакаме да бидеме победници, треба да го испитуваме своето срце како би биле сигурни дека не негуваме нешто што е навредливо за Бога. Ако сепак негуваме, не можеме да ја облечеме белата облека која ни е ветена. Ако сакаме да застанеме пред Бога облечени во бела облека која ја претставува праведноста на светите, мораме сега да работиме да се победиме себеси.“ – *Historical Sketches, 138.*

б. Кој е Божјиот план во тоа дело? Откровение 11:1.

„Големото и одлучувачко судење е започнато и трае веќе некое време. Сега Господ вели: ‘Измери го Божјиот храм... и оние што се поклонуваат во него’. Имајте на ум: кога одите по улица да извршите некоја своја работа, Бог те мери; кога ги извршувате своите домашни работи и должности, кога учествувате во разговор, Бог ве мери...

Додека ги вршиме своите должности, да имаме на ум дека постои Еден кој будно внимава во каков дух го правиме тоа. Зарем да не го внесуваме Спасителот во својот секојдневен живот, во своите работни и домашни должности? Тогаш во името на Господа да оставиме сè што не е неопходно, секое оговарање или непотребни посети и да се покажеме како слуги на живиот Бог.“ – *Коментари на библиските текстови, 909.*

4. БРИШЕЊЕ

а. Иако нашите имиња се можеби запишани во книгата на животот, што е и понатаму можно? Псалм 69:28. Што Бог сака за нас? Филипјаните 2:14,15.

„Времето бргу поминува, и секое дело наскоро ќе биде изнесено на суд, па затоа или нашите гревови или нашите имиња ќе бидат избришани од книгата на животот.“ – *Sons and Daughters of God, p. 49.*

„Ти не се согласуваш исповедањето на вистината да го прифатиш само на зборови, а да не живееш според неа; отсекогаш сметаше дека во животот треба да се биде доследен на она што се исповеда. Покажана ми е книга во која, покрај другите, е запишано и твоето име. Покрај твоето име имаше една црна дамка. Погледнувајќи во неа, ти кажа: ‘Тоа никогаш не може да се избрише.’ Исус испружувајќи ја во тој правец Својата ранета рака рече: ‘Ова може да се избрише само со Мојата крв. Ако се одлучиш отсега понатаму понизно да продолжиш по патот на послушноста, потпирајќи се единствено на заслугите на Мојата крв, која единствено може да ги покрие твоите престапи од минатото. Јас ќе ги избришам твоите престапи и ќе ги покријам твоите гревови. Но ако продолжиш по патот на престапот ќе мора да пожнееш казна за своите гревови. Зашто плата за гревот е смртта’.

Видов како злите ангели се насобираат околу тебе настојувајќи твоите мисли да ги одвратат од Христа, и да те наведат да гледаш во Бог само строг судија, губејќи ја потполно од вид љубовта, сочувството и милоста на распнатиот Спасител кој може да го спаси секого што ќе му се обрати за помош. Ангелот ги повтори зборовите на апостолот: ‘Ако некој згреши, имаме Застапник на небото кај Таткото, Праведникот Исус Христос.’“ – *1. Сведоштво, 543,544.*

„За да бидеме вистинска светлина во светот, мораме да покажуваме дух на сочувство, сомилост и љубов Христова.

Да се љуби како што љубел Христос значи потполно, секогаш и во сѐ личноста да владее со самата себе. Тоа значи покажување на христијанска несебичност во секое време и на секое место.“ – *Мојот живот денес, 80.*

б. Каква предност имаме како христијани, и која одговорност оди заедно со таа предност? 1. Јованово 3:1-3.

„Ти можеби ќе прашаш: ‘Дали моето име е запишано таму?’ Тоа ќе биде запишано во Книгата на животот доколку имаш карактер кој е непорочен и свет како и Христовиот карактер. Само верата во вистината нема да нѐ спаси. Ние мораме да бидеме како Христос доколку сакаме еден ден да го видиме каков што е.“ – *Testimonies on Sexual Behavior, Adultery, and Divorce, 134.*

5. ВЕТУВАЊА ЗА ПОБЕДНИЦИТЕ

а. Што се наоѓа во книгата за спомен? Малахија 3:16; Немија 13:14.

„Во Божјата ‘книга за спомен’ е овековечено секое праведно дело. Тука точно е запишано секое искушение од кое сме излегле како победници, и секое победено зло и секој збор на нежно сочувство. Тука е запишано и секое пожртвувано дело и, секоја болка и страдање поднесено за Христа.“ – *Големата борба, 481.*

б. Во заклучокот, што секогаш треба да имаме на ум? Откровение 3:5; Матеј 10:32.

„За да бидеме христијани мораме да го имаме Христос во срцето. Никој не може вистински да го признае Христос и да исповеда вера во Него ако не го поседува Христовиот ум и Дух. Кога само обличјето на побожноста или познавањето на вистината би значело христијанство, тогаш би можеле да кажеме: ‘Широк е патот што води во живот и мнозина се тие што го наоѓаат’. Мораме да сфатиме што значи тоа да го признаеме Христос, и во што или со што се одрекуваме од Него. Можно е со устата да го признаваме Христос, но да се одрекуваме од Него со своите дела. Духовните родови покажани во секојдневниот практичен живот претставуваат вистинско признавање на Христос.“ – *1. Сведоштво, 303.*

„Чии имиња нема да бидат избришани од книгата на животот? Само имињата на оние кои го сакале Бога со сета сила на своето битие, а своите ближни како самите себе.“ – *Historical Sketches, 138.*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како знаеме дека доказите на судот се праведни и вистинити?**
2. **Како нашата одговорност кон Бога излегува надвор од рамките на членството во црква?**
3. **Зошто и на кој начин во моментов се мериме?**
4. **Спореди што се брише кај оние кои се изгубени, а што се брише кај спасените?**
5. **Што секој ден треба да биде нашата најголема грижа?**

Битка

„Зашто нашата борба не е против крв и тело, туку против началствата, против властите, против световните управители на темнината од овој век, против поднебесните духови на злобата.“ – Ефесјаните 6:12.

„Секој ден е ден на борба и напредок. Од сите страни нѐ напаѓаат невидливи непријатели и ние или победуваме со милоста што Бог ни ја дава, или стануваме победени.“ – Совети за животот и исхраната, 453..

ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: **Selected Messages, bk. 1, pp. 121–128.**

Недела 17. ноември

1. НЕВИДЛИВИ СИЛИ

а. Објасни каква војна се води против Божјите деца. 1. Петрово 5:8,9.

„Кнезот на злото се бори за секоја педа на земјата по која чекори Божјиот народ на својот пат кон небесниот град. Ниту една реформа во црквата не е спроведена, а при тоа да не наишла на сериозни пречки. Така било и во деновите на Павле. Секаде каде што апостолот ќе основал црква, ќе дошле и такви што тврделе дека ја прифаќаат верата, но сепак настојувале да внесат и некоја ерес, која кога би била прифатена ја потиснувала љубовта спрема вистината. И на Лутер му задавале многу грижи и неволји со своите постапки, фанатички настроените луѓе кои тврделе дека Бог говори непосредно преку нив, и кои врз основа на тоа своите лични мислења и сфаќања ги ставале над сведоштвата на Светите списи. Многумина кои во верата немале никакво искуство, но биле задоволни со себе и вообразено секогаш сакале да слушнат и проповедаат нешто ново, просто биле маѓепсани со преправањето на овие нови учители и се здружувале со тие сатански агенти за да го срушат она што Лутер поттикнат од Бога го изградил. И двајцата браќа Весли, како и многу други кои со своето влијание и својата вера биле благослов за светот, на секој чекор наидувале на ова сатанско лукавство, кое исклучително ревните, непосветените и неурамнотежените ги турка во секој можен фанатизам.“ – *Големата борба, 396.*

2. ИНТРИГА КОЈА НѢ ПОПРЕЧУВА

а. Како Светото Писмо ја потврдува нашата лична потреба за Христовата праведност, и зошто тоа денес е толку важно? Езекиел 14:20.

„Сатаната измислува безбројни сплетки да ги окупира нашите мисли, за да не размислуваме токму за она со што би требало да сме најдобро запознаени. Архиизмамникот ги мрази големите вистини што ни укажуваат на жртвата на помирувањето и на нашиот семожен Посредник. Тој знае дека неговиот успех воглавном зависи од тоа, колку ќе успее да ги одврати мислите на луѓето од Исуса и од Неговите вистини.

Оние што сакаат да бидат учесници во благодатта на посредувањето на Спасителот, не смеат со ништо да дозволат да бидат одвратени од својата должност, во Божји страв да ја усовршуваат светоста. Наместо своите скапоцени часови да ги посветат на уживања, на украсување или во трка за заработка, треба да се посветат на најсесрдна молитва и на ревносно проучување на Словото на вистината. Вистината за светињата и истражниот суд, Божјиот народ треба да ја разбере јасно и целосно. За сите е неопходно одредено разбирање и лична претстава за службата и делото на нашиот голем свештенички Поглавар; инаку ќе им биде невозможно да се одржат во верата што е суштествена за ова време или да заземат положба што им ја наменил Бог. На секому му се дава можност да ја спаси својата душа или да ја загуби. Случајот, на секого од нас, зависи од исходот на овој Божји суд. Секој мора да излезе пред очите на Големиот Судија. Затоа колку е тогаш важно, секој од нас во мислите да ја набљудува свечената глетка што е опишана со зборовите: ‘Судот седна и книгите се отворија’ (Даниел 7:10).“ – *Големата борба, 488.*

б. На што треба да биде насочено нашето внимание денес? 2. Коринтјаните 10:3-5; Филипјаните 2:5. На кој начин непријателот се стреми да ни го одвлече вниманието?

„Мораш да владееш со своите мисли. Тоа нема да биде лесна задача. Тоа не можеш да го постигнеш без големи и строги напори. Но Бог го бара тоа од тебе... Ќе мораш да станеш верен стражар на своите очи и на сите свои сетила ако сакаш да владееш со својот ум и да им оневозможиш на суетните и расипани мисли да ја валкаат твојата душа. Само силата на благодатта може да го изврши тоа толку посакувано дело.“ – *2. Сведоштво, 561.*

„Ако сатаната успее да го сврти умот кон некое неважно прашање и ги подели луѓето околу тоа, така што нивните срца им се забарикадирани против светлината на вистината, тој ќе ликува во злобниот триумф.“ – *Evangelism, p. 154.*

3. ПОИНАКОВ ВИД НА ОПИЕНОСТ

а. Наведи некои од омилените лукави планови на непријателот против нас. Марко 4:19.

„Јас видов сатаната им наложи на своите ангели да поставуваат стапици посебно на оние коишто го очекуваат второто Христово второ доаѓање и ги држат сите Божји заповеди. Сатаната ги уверува своите ангели дека црквите се заспани и дека тој со сè почесто искажување на својата моќ и лажните чуда ќе ги задржи во таква состојба. "Меѓутоа," тој рече "верската група на Саботјаните ние ја мразиме; тие постојано работат против нас, одземајќи ни ги поданиците, наведувајќи ги да го држат Божјиот закон , кој ние многу го мразиме. Настојувајте оние (помеѓу нив) кои што поседуваат земја и пари да ги опиете со грижи. Доколку можете да направите тие да ги положат своите чувства кон тие нешта, тогаш се во наши раце. Тие можат да исповедаат што сакаат, само направете нека се грижат за парите отколку за успехот на Христовото царство или ширењето на вистината која што ние ја мразиме. Претставете го пред нив светот во најатрактивна светлина за да го сакаат и да го обожуваат. Мораме да ги задржиме на своја страна сите средства кои ние можеме да ги имаме под контрола. Колку повеќе средства следбениците Христови посветат на Неговото дело, толку повеќе ќе му нанесат штета на нашето царство, земајќи ни ги поданиците. Кога тие закажуваат состаноци на различни места ние сме во опасност. Тогаш бидете многу претпазливи. Предизвикајте вознемиреност и збунетост доколку е можно. Уништете ја нивната меѓусебна љубов. Обесхрабрете ги нивните проповедници и направете ги малодушни; затоа што ние ги мразиме. Оние кои имаат средства наведете ги да изнаоѓаат навидум прифатливи изговори, само парите да не ги испуштаат од своите раце. Управувајте со парите доколку можете, и доведете ги нивните проповедници до скудност и неволја. Ова ќе ја ослабне нивната храброст и ревност. Борете се за секој сантиметар земја. Направете ја лакомоста и љубовта за земното богатство управувачки дел од нивниот карактер. Сè додека тие карактерни особини владеат, делото на спасението и благодатта ќе заостануваат. Опкружете ги со сите можни привлечности на овој свет и тие сигурно ќе бидат наши. И нè само што можеме со сигурност да сметаме на нив, туку веќе нема да можат да го вршат тоа замразено влијание со кое другите се наведуваат на патот кон небото. Дури и ако се обидат нешто да дадат, ставете во нив безволна склоност, за да можат да дадат штедливо.

Јас видов дека сатаната добро ги спроведува своите планови... Тој едните ги води на еден пат, а другите на друг, користејќи се секогаш со предноста која му ја пружаат злите карактерни особини на браќата и сестрите, поттикнувајќи ги и разгорувајќи ги нивните вродени лоши склоности. Доколку тие се наклонети да бидат себични и алчни, сатаната стои веднаш покрај нив, и со сета своја сила настојува да ги наведе кон угодување на своите вкоренети гревови. Благодатта Божја и светлината за вистината можат за извесно време да ја потиснат нивната алчност и себичните чувства, меѓутоа доколку тие не се здобијат со целосна победа, сатаната доаѓа кога тие не се под спасоносното влијание и ќе го уништи секое благородно начело на дарежливоста, и тие ќе мислат дека премногу се бара од нив." – *Рани списи, 266,267.*

4. КЛУЧОТ НА ПОБЕДАТА

а. Како единствено можеме да имаме успех против стратегијата на непријателот? Захарија 4:6.

„Сатаната најмногу од сè се плаши дека Божјиот народ ќе го расчисти патот отстранувајќи ги сите пречки, така што Господ може да го излее својот Дух на црквата која пропаѓа и на непокајаното собрание. Кога би било по негово, сатаната би се погрижил никогаш да не дојде до повторно будење, големо или мало, до крајот на времето. Но, нам не ни се непознати неговите оружја. Можно е да се спротивставиме на неговата моќ. Кога ќе се подготви патот на Божјиот Дух, благословот ќе дојде. Сатаната е еднакво немоќен да го спречи излевањето на благословите на Божјиот народ како што не може да ги затвори небесните прозорци и да спречи дождот да паѓа на земјата. Злите луѓе и демоните не можат да го сопрат Божјото дело ниту да го отстранат Неговото присуство на собранијата на Неговиот народ, ако тие се подготвени со понизно и покајничко срце да ги признаат и остават своите гревови и со вера да се повикаат на Неговите ветувања. На секое искушение, на секое непријателско влијание, без оглед дали е отворено или прикриено, можеме успешно да се спротивставиме.“ – *Selected Messages, bk. 1, p. 124.*

б. Колку долго трае оваа духовна борба? Матеј 24:12,13.

„Никогаш не смееме да почиваме и упаднеме во задоволна состојба и да престанеме да напредуваме, велејќи: ‘Јас сум спасен’. Кога ќе ја усвоиме оваа идеја, исчезнува причината за постоење на будност, за молитви и за искрено настојување да се остварат повисоки достигнувања. Ниту еден посветен јазик не може да се најде како ги изговара овие зборови сè додека не дојде Христос, и ние нè влеземе низ портите во Божјиот град. Тогаш, со најголема коректност, можеме да му дадеме слава на Бога и на Јагнето за вечното избавување.“ – *Selected Messages, bk. 1, p. 314.*

„Кога Христовата религија најмногу ќе се презира, кога Неговиот закон ќе биде најпотценет, тогаш нашата ревност треба да биде најтопла, и нашата храброст и цврстина најмногу непоколебливи. Да се застане во одбрана на вистината и праведноста кога повеќето ја отфрлаат, да се бориме во битките Господови кога има малку борци – тоа ќе биде нашиот тест. Во тоа време ние ќе мораме да собираме топлина од студенилото на другите, храброст од нивниот кукавичлук, верност од нивното предавство...

Капетанот на нашето спасение ќе го зајакне својот народ за конфликтот во кој ќе мора да се вклучи.“ – *Sons and Daughters of God, p. 201.*

.

5. ДА СЕ ОПРЕМИМЕ

а. Какво покајание денес ни е потребно? Лука 6:40-42,46-49.

Ние живееме во големиот ден не на симболично, туку на вистинско помирување. Секој од нас мора сам да го бара Бога. Тоа е лична задача... Секој нека ги признае, не гревовите на својот брат, туку личните." – *9. Сведоштво, 218.*

„Секој чекор кон небото мора да биде чекор на понизност." – *Historical Sketches, 139.*

б. На што можеме да бидеме мошне благодарни? Ефесјаните 6:10-17.

„Во книгата на животот на Јагнето на крајот ќе се најдат запишани имињата само на оние кои навистина се бореле храбро во Господовите битки. Тие најискрено се трудат да го препознаат секое искушение и да го отфрлат секое зло. Тие се секогаш длабоко свесни дека ги следи Божјото око, и дека од нив се бара најискрена верност и преданост. Како верни стражари, тие будно ги чуваат приодите држејќи ги строго заклучени, за да не се случи сатаната преправен во ангел на светлината да влезе помеѓу верниците вршејќи го своето смртоносно дело." – *Мојот живот денес, 321.*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Наведи некои од пречките кои мораме да ги совладаме во ширењето на вистината денес?**
2. **Како можеме да го спречиме нашиот голем непријател да ни го одвлекува вниманието?**
3. **Која е една од причините поради која мнозина се соочуваат со финансиски тешкотии?**
4. **Објасни кои се некои од тајните на успехот во сегашната духовна борба?**
5. **Како нашето духовно оружје ни помага да бидеме победници преку Христа?**

Физичка сила

„Возљубен, се молам да бидеш здрав и во сè да ти биде добро, како што и е добро на душата твоја.“ – 3. Јованово 2.

„Колкумина мажи и жени не сфаќаат дека сè што прават со своето тело влијае на силата и чистотата на умот и срцето.“ – Марана та, 230.

ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Sons and Daughters of God, pp. 168–174.

Недела 24. ноември

1. ЕДНА ОД ХРИСТОВИТЕ НАРОЧИТИ ОСОБИНИ

а. Што Исус, Синот човечки, најчесто правел додека живеел на оваа земја? Дела 10:38.

„За време на својата служба, Исус поминувал повеќе време во лекување на болните отколку во проповедање. Неговите чуда сведочеле за вистинитоста на Неговите зборови дека не дошол да уништува, туку да спасува. Неговата праведност одела пред Него, а Господовата слава била Негова стража одзади. Каде и да одел, гласовите за Неговата милост оделе пред Него. Онаму каде што ќе поминел, оние кои биле предмет на Неговото сочувство се радувале на своето здравје и ја ставале на проба својата новостекната сила.“ – *Копнежот на вековите, 350.*

б. Каков е Божјиот план за физичкото здравје на Неговите деца? 3. Јованово 2.

„(Исус) главниот Лекар, е подготвен на сите да им даде мелем од Галад. Тој ќе ги слушне молитвите на лекарот и мисионерот ако Неговото име биде прославено со тоа; и животот на пациентот кој страда ќе биде продолжен.“ – Counsels on Health, 536.

„Јас ги молам оние кои заседоа неутрален став кон здравствената реформа да се обратат. Оваа светлина е скапоцена и Господ ми даде вест да ги поттикнам сите оние кои ја носат одговорноста во било која гранка од делото за да се заложат за вистината да претежне и во срцето и во животот. Само на тој начин секој може да се бори со искушенијата кои сигурно ќе ги сретне во животот.“ – *Совети за животот и исхраната, 453.*

2. САДОТ СО МАНА КАКО СИМБОЛ

а. Во што специјалниот сад со мана бил чуван, и во кој дел од светињата се наоѓало тоа? Излез 16:33,34; Евреите 9:3,4. Поради која причина?

„Како што им дал небесна мана на Израеловите деца, така Бог сега ќе му даде на својот народ во разни краеви вештина и мудрост за да може производите во таа земја така да ги употреби во подготовката на храна што тие ќе можат да го заменат месото.“ – 7. Сведоштво, 124.

„Светот во целост се препушта на ненаситност и на задоволување на најниските страсти. Светлината на здравствената реформа му е откриена во Божјиот народ во ова време, за да ја увиди потребата од потчинување на својот апетит и страстите под контрола на повисоките сили на умот. Ова исто така е неопходно за да можат да имаат ментална сила и јасност за разбирање на светиот синџир на вистината и да се одвратат од маѓепсувачките заблуди и пријатни басни, кои го поплавуваат светот. Нивното дело е на луѓето да им ги изложат чистите вистини на Библијата. Затоа здравствената реформа има свое место во делото на подготовка за второто Христово појавување.“ – *The Spirit of Prophecy 2, 44.*

б. Како Бог гледа на јадење на месо? Што треба ние да правиме, со оглед дека живееме во несимболичниот ден на помирување? Псалм 78:17,18; Исаија 22:12-14,20-22 (спореди со Откровение 3:7).

„Меѓу оние кои го чекаат Господовото доаѓање, јадењето месо ќе биде конечно напуштено; месото ќе престане да биде дел од нивната исхрана...

Повторно и повторно ми беше покажано дека Бог го враќа Својот народ, назад на Својот првобитен план, а тој е да не се хранат со месото на мртвите животни. Тој има желба ние да го поучуваме народот за подобриот начин на исхрана... Доколку месото се остави, доколку вкусот се воспитува во таа насока, доколку се изградува желба за храна од овошје и житарки, тогаш наскоро ќе биде онака како што Бог во почетокот замислил да биде. Неговиот народ нема да употребува месо.“ – *Совети за детето, 383.*

„Ќе увидат ли припадниците на нашиот народ колкав грев претставува попуштањето на изопачениот апетит? Ќе сакаат ли да се откажат од чајот, кафето, месото и сите стимулативни средства и парите кои ги давале за тие штетни задоволства да ги употребат за ширење на вистината?“ – *3. Сведоштво, 569.*

3. ПЛАН ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ

а. Кој е првобитниот план на нашиот Творец во врска со исхраната на човечкиот род? Кога тоа се изменило откако гревот ја осквернил планетата? Создавање 1:29; 3:18.

„Со цел да знаеме која храна е најдобра, мораме да го проучуваме првобитниот Божји план за човековата исхрана. Оној кој што го создаде човекот и кој што ги разбира неговите потреби, му одреди храна на Адама. 'Еве', рече Тој, 'ви дадов секаков вид на растение, што дава семе, ... и секое дрво, што во себе има плод според својот вид и род: тоа да ви биде за храна'. Кога го напушти Едем и тргнал да си обезбеди за својата живеачка, тешко обработувајќи ја земјата под проклетството на гревот, на човекот му било дозволено да јаде и 'зеље полско'.

Житарките, овошјето, зрнестите плодови и зеленчукот ја сочинуваат храната која што за нас ја одбра нашиот Создател. Оваа храна, подготвена на што е можно поедноставен и поприроден начин, е најздрава и најхранлива. Таа ги зголемува силата, издржливоста и бистрината на умот кое што не може да се постигне со посложената и постимулативна исхрана." – *Совети за животот и исхраната, 81.*

б. Освен што самите ќе ја прифатиме здравствената реформа, која уште света одговорност имаме во однос на истата? Псалм 67:1,2.

„Бог треба да го признаеме како Автор на нашето битие. Со животот кој ни го дал не треба да си играме. Непромисленоста во телесните навики ја открива непромисленоста на моралниот карактер. Здравјето на телото мораме да го сметаме за важно во напредувањето на растот во благодатта и смирениот темперамент." – *Ум, карактер и личност, 405.*

„Адвентистите на седмиот ден треба да се претстават пред светот преку напредни начела на здравствената реформа која Бог ни ја дал.

Уште поголеми вистини ќе му бидат откриени на Божјиот народ додека се приближуваме кон завршетокот на времето, и Божја намера е насекаде да основаме установи каде што оние што се во темнина во поглед на потребите на човечкиот организам да можат да се едуцираат, за да можат, од своја страна, да ги доведат другите во светлината на здравствената реформа." – *Medical Ministry, 187.*

„На болните и оние кои страдаат треба да им се помогне. Мнозина на кои им е направено ова дело на милост ќе ги слушнат и прифатат зборовите на животот. Мнозина ќе бидат излечени преку молитва на верата и ќе станат да ги застапуваат начелата на здравствената реформа." – P*acific Union Recorder, November 6, 1902.*

„Господ денес не работи за да приведе многу души кон вистината, поради членовите на црквата кои никогаш не се обратиле, како и поради оние кои еднаш се обратиле, а потоа повторно почнале да запаѓаат во поранешната состојба. Какво влијание можат да имаат на новите обратеници овие непосветени членови? Ќе сакаат ли тие да ја направат неделотворна Божјата вест која треба да ја објавува Неговиот народ?" – *6. Сведоштво, 371.*

4. СЕОПФАТНА ВЕСТ

а. Како духовната вистина го унапредува физичкото здравје? Изреки 3:7,8; 4:20-22. Како децата и младите можат да бидат здрави? Како можеме да го обновиме своето здравје?

„За децата и младите да имаат добро здравје, расположение, живост, добро развиени мускули и бистрина на мозокот, тие треба што повеќе да се задржуваат во отворена природа и на свеж воздух, и да имаат правилно пропишано занимавање и разонода.

Децата треба да имаат окупација за нивното време. Соодветната ментална работа и движењето на отворено нема да му на штети на телото на вашите момчиња. Корисната работа и запознавањето со тајните на работата во домот ќе биде од корист за вашите девојчиња, и одредено занимање на отворено е неопходно за нивната конституција и здравје.

Оние кои не ги користат своите екстремитети секој ден, ќе воочат слабост кога ќе се обидат да вежбаат. Вените и мускулите не се во состојба да ја извршат својата работа и целиот организам да го одржат во здраво дејствување, при што секој орган да ја изврши својата улога. Екстремитетите зајакнуваат со употреба. Умерено вежбање секој ден ги зајакнува мускулите, кои без вежбање стануваат млитави и слаби. Црниот дроб, бубрезите и белите дробови исто така зајакнуваат со секојдневно движење на свеж воздух и стануваат способни да ја извршуваат својата работа.“ – *Совети за детето, 339.*

„Кога ќе ги прекршам законите кои Бог ги воспоставил во моето битие, треба да се покајам и реформирам, и во најдобра можна состојба да се поставам пред лекарите кои Бог ги обезбедил – чистиот воздух, чистата вода и лековитата, скапоцена сончева светлина.

Водата може да се користи на многу начини за да се намали страдањето.“ – *Selected Messages 2, 297.*

„Имам збор за тебе. Зар нема да се обврзеш дека нема повеќе да слабееш и да го нарушуваш Господовиот храм работејќи кога ти е потребен одмор? За да имаш исправни мисли и за да говориш исправни зборови мораш да го одмориш мозокот. Не се одмараш доволно. Уморниот мозок и нерви би се освежиле кога би направил промена во тој поглед.“ – *Ум, карактер и личност, 735.*

б. Додека размислуваме за здравствената корист која ни ги пружаат довербата во Бога, здравата храна, вежбањето, водата, сончевата светлина, свежиот воздух и одморот, што уште треба да имаме на ум (особено во ова време на крајности)? Филипјаните 4:5.

5. СО МИЛОСТ СЕ БОРИМЕ ЗА НАЧЕЛАТА

а. Колку е далекусежна нашата должност да ги одржиме Божјите закони на здравјето? Кому му ја должиме оваа должност? Зошто? 1. Коринтјаните 9:24-27.

„Со желбата за јадење, пиење и облекување толку се претерува што тоа станува престап. Тоа станува меѓу впечатливите гревови на овие последни денови и претставува знак на Христовото скоро доаѓање. Времето, парите и силата – дарови кои Господ ни ги доверил на чување, а кои му припаѓаат Нему – се расфрлаат на непотребни облеки и раскошни јадења за да се задоволат изопачените страсти кои ја намалуваат животната сила, донесуваат болест и распаѓање. Невозможно е да му го дадеме своето тело и жртва на Господа ако со своето грешно попуштање постојано го расипуваме и изложуваме на болести.

Мора да се стекне знаење во однос на тоа како да се јаде и пие и како да се облекува за да се сочува здравјето. Болестите се последица од прекршувањето на природните закони. Наша прва должност, она што му го должиме на Бога, на себе и на нашите пријатели, е почитувањето на Божјите закони, а тука спаѓаат и законите на здравјето. Ако сме болни, ние со тоа ги мачиме и оптоваруваме своите пријатели, а себеси се онеспособуваме за извршување на извршување на должностите што ги имаме кон семејството и ближните. А, кога последица е прерана смрт, со тоа им нанесуваме болка и страдања на другите; своите ближни ги лишуваме од помошта што сме можеле да им ја дадеме; на членовите на своето семејство им ја одземаме поткрепата и помошта што би требале да ја примат од нас, а на Бога му ја одземаме службата што Тој ја бара од нас за да придонесеме за прославување на Неговото име. Зарем тогаш не сме, во подлабока смисла, престапници на Божјиот закон?“ – *Христијанска умереност, 12.*

„Кршење на законите што владеат со нашето битие исто така е грев како и престапување на некоја од Десетте заповеди.“ – *Христијанска умереност, 53.*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како знаеме дека Оној кој ни го дал животот се грижи за нашето здравје?**
2. **Зошто е толку важна здравствената реформа во сегашниот ден на очистување?**
3. **Каде во Библијата можеме да го најдеме Божјиот план за нашата исхрана во овие последни денови?**
4. **Што, освен исхраната, уште е вклучено во вистинската здравствена реформа?**
5. **Како моето прифаќање на веста за здравјето ја покажува мојата љубов кон другите?**

Сабота, 7. декември 2019.

Дар во првата сабота за литература за мисионските полиња

Литературата неспорно е најважното средство во ширење на сегашната вистина до сите народи, племиња, јазици и колена. Пишаната вест ќе има поголемо влијание и ќе биде поточно и полесно сфатена отколку изговорената реч.

Меѓутоа, многу драгоцени души за кои Христос умрел не се во можност да ги примат предностите на таквата литература – особено ако живеат во земји со ограничена верска слобода или ако во тоа ги спречува екстремното сиромаштво. Пишаниот збор исполнет со вистина се наоѓа надвор од нивниот домет, освен ако не се направат одлучни напори да се задоволи оваа потреба на многуте кои гладуваат и жеднеат за него.

Дарот на првата сабота за литература за сиромашните земји и мисионските полиња е собиран и порано – и ние им се заблагодаруваме на донаторите кои во минатото давале пари за ова благородно дело. Вашите дарови им овозможиле на илјадници луѓе да добијат можност самите да ја читаат вистината.

Денешниот свет е огромно место за постојано растечката популација, така што и потребата е поголема отколку било кога. Денешните дарови за литература ќе бидат во голема мера искористени за преведување и печатење на литературата на нови јазици за луѓе кои никогаш порано не ја примиле.

„Да им се даде на сите народи пораката на предупредување - тоа треба да биде целта на нашите напори... Врз сите кои ја примиле Божјата Реч лежи товарот на ова дело. Од град до град, од село до село, тие треба да ги носат публикациите кои го содржат ветувањето за скорото доаѓање на Спасителот. Овие публикации треба да се преведат на секој јазик; бидејќи евангелието треба да се однесе до целиот свет“ - *The Review and Herald, February 9, 1905.*

Имајќи го ова на ум, наша молитва е Бог да ги поттикне срцата на сите нас великодушно да ги приложиме средствата за оваа важна потреба!

Оддел на Генералната конференција за издаваштво

Ред и организација

„Браќа, ве молам во името на нашиот Господ Исус Христос, сите вие да зборувате исто, и меѓу вас да нема раздори, туку да бидете совршено соединети во еден ум и во исто мислење“ – 1. Коринтјаните 1:10.

„Божја намера е припадниците на Неговиот народ да бидат единствени, еднодушни и едномислени. Меѓутоа, тоа не може да се оствари без влијание на јасното, одредено и живо сведоштво во црквата.“ – 3. Сведоштво, 361.

ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: 3. Сведоштво, 343-362.

Недела 1. декември

1. РАЗВИВАЊЕ НА ОРГАНИЗИРАНИОТ УМ

а. Кое прашање, што Бог му го поставил на Маној, треба да ја води нашата внатрешна потрага за ментален развој? Судии 13:8,12.

„Умот, душата, се изградува со она со што се храни.“ – Воспитување, 126.

„Воспитувањето на срцето е поважно отколку образованието здобиено од книгите. Добро е а дури неопходно, да се здобие знаење за светот во кој живееме; но доколку ја изоставиме вечноста од нашето размислување, ќе направиме пропуст од кој нема да можеме никогаш да се опоравиме.“ – Совети за детето, 497.

„’Така вели Господ’, треба да ве води во сите ваши планови на воспитување....“ – *Совети за детето, 69.*

„Умот треба да биде дисциплиниран, обучен, едуциран, бидејќи Божјото дете треба да му служи на Бога на начини што не се природни, или во склад со неговата вродена склоност. Оние кои стануваат Христови следбеници заклучуваат дека сега настануваат нови мотиви на дејствување, се појавуваат нови мисли и дека од тоа ќе настанат нови постапки.“ – *Christian Education, 122.*

2. САМОДИСЦИПЛИНА ЗА ВЕЧНОСТ

а. Во нашата потрага за знаење, од што треба да се чуваме како би развиле здрав ум? Проповедник 12:12.

„Ако физичките сили не се оптоварувaат подеднакво со умните, вторите трпат преголемо оптоварување. Доколку секој дел од човечкиот организам не ги извршува задачите кои му се одредени, умните сили никогаш не можат да бидат употребени до крајните граници од своите можности.“ – *Christian Education, 211.*

„Многу се губи поради тоа што физичкиот напор не се поврзува со умниот. Своите слободни часови студентите често ги поминуваат во лекомислени забави кои само ги слабеат нивните физички, умни и морални сили. Среде унижувачките сензуални уживања или предвремените возбуди, кои ги пратат додворувањето и прераното склопување на брак, многу студенти не успеваат да ја достигнат онаа висина на ментален развој која инаку би можеле да ја достигнат.“ – *Christian Education, 36,37.*

„Денес преовладува навиката денот да се претвори во ноќ, а ноќта во ден. Мнозина од младите наутро спијат со длабок сон, додека би требало да се будат рано кога птиците пеат, и да стануваат кога сѐ во природата се буди... Нека младите практикуваат редовност во часовите за спиење и станување и така ќе го подобрат своето здравје, својот ум, духот и карактерот.“ – *The Youth’s Instructor, September 7, 1893.*

б. Која практична наука исто така треба да ја изучуваме? 1. Солунјаните 4:11.

„Колку што е можно, треба да се размислува за она што треба да се постигне во текот на денот. Направете список на различни должности кои ќе го бараат вашето внимание, и одвојте одредено време за извршување на секоја должност. Сѐ нека се извршува темелно, уредно и правовремено.“ – *The Youth’s Instructor, September 7, 1893.*

в. Од каква корист е недесциплираниот ум? Изреки 25:28.

„Просечниот ум, ако е дисциплиниран, може да постигне многу повеќе и да изврши поодговорна работа отколку најголемиот талент и високообразованиот ум ако не се научил на самосовладување.“ – *Христовите очигледни поуки, 335.*

3. ДА СЕ УМНОЖУВА МУДРОСТА

а. Наведи некои од клучните работи за совладување на неефикасноста. Колосјаните 3:23,24.

„Ми беше кажано дека една девојка која ја вработив знаеше да седне среде недовршената работа, кога садовите не биле измиени, или креветите ненаместени, и за да заборави на своите должности читала книга или весник. На тој начин таа поминувала часови кои требало да ги искористи вршејќи ја работата за која била платена. Заради оваа неуредна навика куќата со часови била оставена во неред, наместо да биде во совршен ред.“ – *The Youth's Instructor, September 7, 1893.*

б. Каква спротивност постои помеѓу мудрите и лудите? Изреки 9:8; 15:31.

„За една друга девојка за која размислував да ја вработам дознав дека нема почит кон оние што ја вработиле, освен ако и се допаѓаат. На оние што ги сакаше им служеше до крај, а пријателите кои ги избрала, кои и ласкале и го одобрувале нејзиното однесување, ја добивале нејзината услуга и наклоност. Но јас вака размислував: 'Ако таа е христијанка, таа сигурно ќе го послуша советот'. Лицето на кое му зборував направи тажен израз на лицето, и ми рече: 'Се плашам дека ќе се разочараш. Ако сакаш да и покажеш каде греши, таа ќе инсистира на тоа дека прави најдобро што знае, и наместо да ги исправи своите грешки, ќе заземе став дека е многу повредена. Таа не го почитува авторитетот, во својот ум ќе негува бунт, кој, ако не се искаже со зборови, ќе може јасно да се види на нејзиното лице. Таа своето мислење нема да го задржи за себе, туку слободно ќе им зборува на другите што мисли за оние што сакаат да ги исправат нејзините грешки.“ – *The Youth's Instructor, September 7, 1893.*

в. Иако не е лесно да се поднесе укор, што мораат да научат сите кои сакаат да пораснат и да успеат во животот? Изреки 17:10; 6:23.

„Господ ни праќа предупредување, совет и укор за да имаме можност да ги поправиме своите грешки пред да станат наша втора природа.“ – *Our High Calling, 160.*

4. РЕД КОЈ МУ ДАВА ЧЕСТ НА БОГА

а. На кој начин Христовото тело треба да биде уредно? Со која цел? 1. Коринтјаните 1:10; 14:40; 12:27,28.

„Црквата е Божјо орудие за спасување на луѓето. Таа е организирана да служи и нејзина задача е да му го објававува евангелието на светот.“ – *Делата на апостолите, 9.*

б. Осврнувајќи се на историјата, објаснете како Корej ги предизвикал водачите одредени од Бога и како Бог моќно го спречил овој бунт. Броеви 16:1-3,28-35. Како Корej се служел со ласкање да му угоди на народот?

„Корej и неговата дружина, кои во нивната самодоверба се стремеле да го преземат свештенството, дури се осмелиле да земат кадилници и да застанат на вратата на скинијата со Мојсеј. Корej негувал дух на бунт и завист сè додека не паднал во самоизмама, и навистина помислил дека зборот е праведен, а дека Мојсеј бил тирански владетел. Народот, на кого нивниот бунтовен водач му ласкал, бил наведен да верува дека причината за сите нивни неволји е Мојсеј, кој постојано ги потсетувал на нивните гревови. Тие мислеле дека, ако Корej ги води, ако ги охрабрува и им зборува за нивните праведни дела, наместо да ги потсетува на нивните неуспеси, дека нивното патување ќе биде мошне мирно и успешно, и дека тој без никаков сомнеж би ги водел, не напред-назад во пустината, туку во ветената земја.“ – *The Signs of the Times, September 9, 1880.*

в. Како Бог ги одобрил Мојсеевите укори? Броеви 17:1-10.

„Оваа чудесна прачка била сочувана секогаш да ги потсетува Израелците на минатото, да го спречи мрморењето, поставувајќи го прашањето на кого му припаѓа правото на свештенство. Откако синовите на Израел биле целосно осведочени дека биле на погрешен пат, неправедно обвинувајќи ги Мојсеја и Арона, го виделе нивниот бунт во вистинско светло и биле преплашени.“ – *Spiritual Gifts, 4a, 35, 36.*

5. УКОРУВАЊЕ НА ПОПУЛАРНИТЕ ГРЕВОВИ

а. Кој предмет во небесниот ковчег ја симболизира Божјата организирана служба на укорување? Евреите 9:3,4; 8:1,2. Како тоа се однесува на нас денес.

„Евреите не биле расположени да ги прифатат Божјите упатства и ограничувања. Тие не поднесувале никакви ограничувања и нерадо примале прекори. И тоа била главната причина за нивното мрморење против Мојсеј. Да им било дозволено да прават што сакаат, помалку би се жалеле на својот водач. Во текот на целата историја на црквата, Божјите слуги наидувале на истиот тој дух.“ – *Патријарси и пророци, 404.*

б. Кој карактер на служба е неопходен во подготовката на Божјиот народ за средба со Господа во мир? 2. Тимотеј 4:1-5; Тит 2:11-15

„Да не мислиме дека опасностите кои нам ни се закануваат се помали од оние кои им се закануваше на Израелците; напротив, тие се уште поголеми. И ние често доаѓаме во искушение да завидуваме и да мрмориме, па дури и да манифестираме бунтовнички дух, како што е запишано за старозаветниот Израел. Секогаш ќе постои склоност да се застанува против укорувањето и осудата на гревот и на сè што е неправилно. Но зар гласот на укорот поради тоа треба да замолкне? Ако би било така, тогаш не би биле во поповолна положба од останатите верски заедници во нашата земја, каде што не се осмелуваат ниту да ги спомнат гревовите и заблудите кои преовладуваат кај народот.

Оние кои Бог ги издвоил за проповедници на правдата имаат сериозна и света одговорност да ги укоруваат и разоткриваат гревовите на народот.“ – *3. Сведоштво, 358,359.*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Наведи некои од важните начини за развојот на умот?**
2. **Зошто ни е потребна умереност, дури и во потрага за знаење?**
3. **Наведи некои од погрешните работни навики кои треба да се совладаат.**
4. **На кој начин Кореевиот бунт се повторува и денес?**
5. **Која свечена одговорност денес почива на проповедниците и водачите?**

Духовна виталност

„Како што Христос воскресна од мртвите преку славата на Отецот, и ние така да живееме нов живот.“ – Римјаните 6:4 (последен дел).

„Ние не можеме да се измениме себеси, но силата да бираме е во наши раце, и до нас стои да решиме што ќе бидеме.“ – Христовите очигледни поуки, 56.

ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Патот кон Христа, 73–95.

Недела 8. декември

1. СИМБОЛ НА БОЖЈИОТ КАРАКТЕР

а. Што му рекол Бог на Мојсеј да стави во ковчегот на заветот, пред садот со мана и Ароновата палка? Второзаконие 10:1-5.

_____

_____

б. Од каде доаѓа законот, и која е неговата цел? Исаија 51:4.

„„Зборовите напишани со прст Божји на камени плочи толку совршено ја откриваат Неговата волја во врска со Неговиот народ така што никој не мора да погреши.“ – *Selected Messages, bk. 1, p. 225.*

„Живиот Бог во својот свет закон го дал преписот на својот карактер. Најголемиот Учител кој некогаш го запознал светот е Исус Христос. А кој е стандардот кој сите кои веруваат во Него треба да го достигнат? ‘Но бидете совршени како што е совршен вашиот Отец небесен’ (Матеј 5:48). Бидејќи Бог е совршен во својата висока сфера на дејствување, така и човекот може да биде совршен во својата човечка сфера. Идеалот на христијанскиот карактер е сличност со Христа. Тука пред нас се отвора пат на континуирано напредување. Имаме цел која треба да ја постигнеме, здобивање на сè она што подразбира добро и чисто, благородно и возвишено. Треба да постои постојан стремеж и постојан напредок ,што подалеку и што повисоко, кон совршенство на карактерот.“ – *In Heavenly Places, 141.*

2. ДА ГО ПРИКАЖЕМЕ НЕГОВИОТ КАРАКТЕР

а. Освен на камените плочи и на небото (Евреите 9:3,4; 8:1,2), каде уште треба да бидат напишани Божјите заповеди? Кој треба да ги напише? Евреите 8:10; 2. Коринтјаните 3:3.

б. Какво ќе биде искуството на оние кои ќе го имаат Божјиот закон напишан во срцето? Псалм 37:31; 40:8. Како ќе биде променет нивниот говор?

„Во својата милост Бог настојува безбожниците да ги доведе до покајание. Послушните ќе уживаат во Божјиот закон. Тој ги става своите закони во нивните умови и ги запишува во нивните срца. Нивниот говор ќе биде сличен на говорот на Спасителот кој живее во нив. Тие имаат вера која работи со љубов и ја чисти душата од сите нечистотии и сугестии на сатаната. Нивното срце копнее по Бога. Во своето обраќање тие сакаат да се задржуваат на Неговата милост и добрина, зашто Тој за нив е целосно убав. Тие го учат јазикот на небото, место кое го избрале.“ – *The Upward Look, 297.*

в. Што значи да се живее под Божја милост? Римјаните 6:4,10-18; 8:1.

„Оние што ќе го прифатат (Христа) како свој личен Спасител ќе растат во милоста, и во Неговата сила ќе бидат оспособени да го почитуваат Божјиот закон.“ – *The Signs of the Times, February 11, 1897.*

„Секоја вистинска послушност Доаѓа од срцето. Тоа значи да се соработува со Христа со сето срце. Ако Му се предадеме, Тој ќе ги поистовети нашите мисли и цели со Своите, а нашето срце и ум ќе ги усклади со Својата волја до таа мера што кога се покоруваме на Него всушност постапуваме во сообразност со своите побуди. Нашата волја станува облагородена и посветена и нашата најголема радост се состои во тоа да Му служиме Нему. Кога ќе го запознаеме Бога онака како што имаме привилегија да Го познаваме, нашиот живот станува живот на постојана послушност. Затоа што го познаваме и цениме Христовиот карактер и затоа што одржуваме постојана врска со Бога, гревот ќе ни стане одвратен.“ – *Копнежот на вековите, 668.*

„Бог е тој кој ни дава сила да победиме. Оние што го слушаат Неговиот глас и ги почитуваат Неговите заповеди, имаат можност да формираат праведен карактер.“ – *Коментари на библиските стихови, 839,840.*

3. ПЛОДОВИ НА НАШАТА ПОВРЗАНОСТ

а. На кој начин ние примаме божествена сила од Христа? Јован 15:1-4.

„Сите оние кои ќе застанат на Господовата страна, ќе бидат како гранки на вистинската Лоза, ќе примаат храна и ќе бидат поттикнати од Лозата да донесат род. Тие ќе соработуваат со Бога според нивните способности, развивајќи ја својата побожност одејќи во нов живот, што претставува секојдневно покајание пред Бога и вера во нивниот Господ Исус Христос.“ – *The Review and Herald, February 23, 1897.*

б. Какво искуство ќе стекнеме додека го посматраме Исуса во небесната светиња? Како тоа ги вклучува и односите во црквата? Ефесјаните 2:4-6,10; Евреите 10:23-25.

„Во животот кој е посветен на службата за Христа, врската со Црквата е еден од првите чекори. Предаденоста на Христа бара верно исполнување на должностите во Црквата.“ – *Воспитување, 268,269.*

„И покрај нашите различни типови на карактер, ние сме станале дел од црквата преку исповедање на нашата вера. Христос е глава на црквата; и ако оние чии имиња се наоѓаат запишани во црковните книги не му припаѓаат на Исуса, невидливата Глава, тие се како бесплодни гранки на лозата и ќе бидат отстранети. Ако некој е навистина плодна гранка, тој ќе го покаже тоа со донесување на родови, со давање на докази за својата целосна верност на Христа. Тој ќе има духовна врска со Бога. Верата и љубовта претставуваат злато на карактерот и тие секогаш ќе работат на страната на Господ, за обединување и слога на членовите на Христовото тело.

Името, позицијата или богатството нема да имаат никакво влијание врз Божјите мерила. Во црквата се зачленети мажи и жени кои не и служат на чест. Но, колку и да се сиромашни, без оглед на чинот, племето или националноста, сите треба срдечно да бидат примани на нивното исповедање на верата, ако има докази дека Божјата милост, која донесува спасение, делувала на срцето...

Оваа вера во Христа се демонстрира со дела; таа доведува до трансформација на карактерот со помош на успешното делување на Божјиот Свет Дух... Покајанието на душата ќе го обележи искуството на секој кој ја примил Христовата благодат.“ – *The Review and Herald, February 23, 1897.*

4. ДОВЕДЕНИ ВО РЕД

а. Објасни која е Христовата намера за Неговата црква. Ефесјаните 5:1,2,27; Тит 2:13,14.

„Никој од нас нема да го прими Божјиот печат сè додека на својот карактер има барем и една дамка. Ние треба да ги исправиме недостатоците на нашиот карактер, да го очистиме храмот на нашата душа од секоја нечистотија.“ – *5. Сведоштво, 214.*

б. Што ги обединува членовите на црквата? 1. Петрово 4:8-11; 1. Јованово 1:7.

„Христос повикува на единство. Но, Тој не повикува да се обединиме на темелот на погрешните навики. Небесниот Бог повлекува јасна црта на разграничување помеѓу чистата, облагородувачка вистина и лажните, погрешни науки. Тој го нарекува гревот и непокајанието со нивните вистински имиња.“ – *Selected Messages, bk. 1, p. 175.*

в. Опишете некои од начините на кои Бог нè чисти. Изреки 27:17; Исаија 58:6-10.

„Додека на светот му се потребни сочувство, молитви и помош од страна на Божјиот народ, додека му е потребно да го види Христа во животот на Неговите следбеници на Божјиот народ му се исто така потребни прилики кои ги предизвикува нивното сочувство, им даваат делотоворност на нивните молитви и во нив изградуваат карактер сличен на божествениот пример.

За да ни се пружат тие прилики, Бог меѓу нас поставил сиромашни, несреќни, болни и страдалници. Тие се Христов аманет на Неговата црква и за нив треба да водиме грижа така како што Тој би правел. На тој начин Бог го отстранува плевелот и го прочистува златото...

Ставајќи нè меѓу сиромашните и напатените, Господ нè искушува за да ни открие што се наоѓа во нашите срца.“ – *6. Сведоштво, 261.*

„Добрите дела чинат жртви, но токму со тие жртви се стекнува дисциплина. Тие обврски нè доведуваат во судир со природните чувства и склоности и ако ги исполнуваме, ние добиваме победа зад победа над непожелните црти на нашиот карактер.“ – *6. Сведоштво, 262,263.*

5. ТЕСТ НА НАШАТА ПОБОЖНОСТ

а. Што покажува дали навистина го сакаме Бога? 1. Јованово 3:14,15,18; 4:20,21.

„Светиот Дух ја всадува Христовата природа во човечката душа со што таа се посветува. Евангелската Христова религија е живот живо, активно начело. Таа ја претставува Христовата милост откриена во карактерот и покажана со добри дела.

Љубовта е темел на побожноста. Независно од тоа што зборува, никој нема чиста и вистинска љубов кон Бога ако не покажува несебична љубов кон својот брат. Меѓутоа, љубов не се стекнува само со обид да ги љубиме другите. Неопходно е Христовата љубов да се всели во нашето срце. Кога нашето 'јас' наполно ќе се загуби во Христа, љубовта ќе се појави спонтано, без ние да бидеме свесни за тоа. Тогаш, кога во нашето срце постојано ќе се јавува желба да им помогнеме на ближните, и кога на нашето лице ќе се покаже небесната светлина што ја исполнува нашата душа, ние постигнуваме совршенство на христијанскиот карактер.

Не е можно срцето во кое живее Христос да биде скудно со љубов. Ако го љубиме Бога затоа што Тој прв нѐ љубел нас, ние ќе ги љубиме и сите за кои Христос умрел." – *Христовите очигледни поуки, 384.*

„Здрав христијанин е оној во кого се обликувал Христос, надеж на славата. Тој ја сака вистината, чистотата и светоста и ќе покажува духовна виталност, љубејќи ја Божјата Реч, со цел да го прими секој зрак на светлината што Бог им ја пратил, која го открива Христа и Го прави поскапоцен за душата. Оној кој има здрава вера знае дека Христос е живот на душата, дека Тој во него е сличен на изворот на вода која тече кон вечен живот, и се радува што може да ја сообрази секоја моќ на душата во послушност на својот Господ." – *The Review and Herald, December 11, 1894.*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Зошто десетте заповеди требало да се чуваат во ковчегот?**
2. **Опиши ја послушноста која Бог копнее да ја види во нас?**
3. **На кои сѐ начини покажуваме дека сме Христови ученици?**
4. **Зошто за нас е важно да бидеме чисти, и поединечно и како група?**
5. **Како можам да развијам подлабока љубов кон Христа и ближните?**

„Како видело кое гореше“

„Нема да замолчам заради Сион, ниту ќе се успокојам заради Ерусалим, додека правдата негова не изгрее како светлина, и спасението негово - како запалена светилка.“ – Исаија 62:1.

„Да не дозволиме светлината што е во нас да исчезне затоа што одбиваме да ја поделиме со другите.“ – Pacific Union Recorder, February 20, 1908.

ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: 5. Сведоштво, 157-162, 307,308, 385-389.

Недела 15. декември

1. ДА СТАНЕМЕ СВЕСНИ ЗА СВОИТЕ ПРИОРИТЕТИ

а. Што денес мора да стане главна цел на секој верник? Исаија 62:1,2.

„Не постои поголем доказ дека оние кои примиле голема светлина не ја ценат таа светлина, отколку што е нивното одбивање да дозволат таа да ги осветлува душите кои се наоѓаат во темнина.“ – *The Review and Herald, July 16, 1895.*

„Кога ти и твојата сестра би биле подготвени за спасение, вие би ја сфатиле опасноста која демне над оние кои не се спасени. Ако во вас не се изврши голема промена, ќе дојде ден кога од многу усни ќе слушнете: ‘Се дружев со тие христијанки, но тие никогаш не ме предупредуваа за опасноста во која се наоѓам. Тие никогаш не ме предупредија. Мислев дека нема да имаат мир ни ден ни ноќ додека не ми укажат на состојбата на загубеност во која се наоѓам. А сега сум загубен. Јас да бев на нивно место и да видев дека некој се наоѓа во таква опасност, не би мирувал сè додека не го предупредам и укажам на Оној кој што може да го спаси’.“ – *2. Сведоштво, 181,182.*

„Што може да им се каже на невработените што би ги навело да сфатат во каква состојба се наоѓаат, и да се разбудат од нивната положба без работа? О, кога Сион би се разбудил и би ја облекол својата прекрасна облека! Браќа и сестри, како членови на црквата, да ја исполниме верно нашата должност...

Бог на секој човек му го одредил неговото дело; никој не е изоставен од службата.“ – *Pacific Union Recorder, February 20, 1908.*

2. ВО ВРЕМЕ НА МОРАЛНА ТЕМНИНА

а. Кој повик силно одекнува до сите нас? Исаија 21:11 (последен дел), 12.

„Се чини дека сѐ е разбранувано со интензивна активност одоздола. Возбудата е постојано присутна. Веселбите, купувањето и продавањето влегуваат во црквата. Чуварот рече: ‘Наближува утрото, но и ноќта’. Ноќта симболизира ширење на заблуда, погрешно толкување и погрешно применување на Светото Писмо. Се вовлекуваат сите видови на заблуда. Најјасните вистина на Божјата Реч сега се покриени со мноштво на човечки теории. Смртоносните заблуди се изнесуваат како вистина пред која сите мора да се поклонат. Едноставноста на вистинската побожност е закопана под традицијата.“ – *The Bible Echo, February 1, 1897.*

„Очевидно е дека сите оние проповеди кои се изговорени, не оформиле широк круг на самопожртвувани работници. Ова прашање треба да се смета многу важно, зашто вклучува многу сериозни последици. Нашата вечна иднина е на ризик.“ – *6. Сведоштво, 431.*

„Ние несомнено живееме во последните денови од историјата на оваа земја. Треба да посветиме повеќе време за нашите духовни интереси, ако сакаме да доживееме духовен раст кој ни е неопходен во ова време. Ние мораме да направиме сериозни реформи. Гласот рече: ‘Чуварите треба да се разбудат, и дајте и на трубата јасен звук. Утрото доаѓа, а потоа пак ноќта’. Разбудете се, мои чувари. Гласовите што сега треба да се слушнат како ја изнесуваат вистината молчат. Душите умираат во своите гревови, а проповедниците, лекарите и учителите спијат. Разбудете ги чуварите!“– *Pacific Union Recorder, February 20, 1908.*

б. На кој начин Бог сака да ги преобрати нашите цркви преку својата милост? Исаија 60:1,2

„Црквите се во пад затоа што не успеале да ги искористат своите таленти во ширењето на светлината на вистината на другите. На народот треба внимателно да му се дадат упатства кои ќе бидат поуки од Учителот, за да можат сите да ја искористат својата светлина на практичен начин во корист на ближните.“ – *The Review and Herald, February 28, 1893.*

3. ВЕТЕНИ РЕЗУЛТАТИ

а. Која сигурност Бог им ја ветува на сите кои се стремат да бидат проникнати со Неговиот Свет Дух како би ја носеле вистината на другите? Изреки 1:23; Псалм 81:10

„Сите што ја примиле светлината на вистината имаат свечена обврска да се погрижат таа светлина да им свети и на другите. Секој може, во својата скромна сфера, да направи нешто за Господарот. Тој можеби нема да биде во можност да приложи прекрасни дарови за напредок на Божјото дело, но може спремно да го даде своето послушно срце во радосна служба. Сите не можат да бидат проповедници; сите не можат да бидат генерали во Господовата војска; но сите можат да бидат верни војници, следејќи ги во понизна послушност наредбите на Капетанот на нивното спасение. Тие можат да ги охрабрат своите пријатели со зборови на надеж и храброст и на тој начин ќе ја покажат славата на Оној кој ги повикал од темнината во Неговата чудесна светлина. Бог од сите бара најдобра служба што можат да ја дадат. Ако тие можат да направат само мали работи за Него, ниту тоа не треба да се занемарува.“ – *The Review and Herald, August 24, 1886, 281.*

„Членовите на црквата треба да се научат дека мерката на нивниот успех во службата за душите ќе биде степенот на нивното самоодрекување и нивната верност во следењето на Христовиот пример.“ – *Pacific Union Recorder, February 20, 1908.*

б. Која е последицата од верните напори да се сподели светлината со другите? Захарија 8:20-23.

„Бог ќе ги придвижи луѓето со скромен друштвен статус, луѓе кои не станале бесчувствителни на јасните зраци на светлината со тоа што долго размислувале за светлината на вистината или поради тоа што одбиле да напредуваат во неа. Мнозина такви ќе бидат видени како брзаат насекаде, поттикнати од Божјиот Дух да им ја однесат светлината на другите. Вистината, Божјата Реч, е како оган во нивните коски, исполнувајќи ги со огнена желба да ги просветлат оние што седат во темнина. Многумина, дури и меѓу необразованите, сега ги објавуваат зборовите на Господ. Децата се поттикнати од Духот да одат и да ја објавуваат пораката од небото. Духот се излева врз сите кои ќе се потчинат на Неговото делување; отфрлајќи ги сите човечки творби, сите човечки обврзувачки правила и сите претпазливи методи, тие ќе ја објават вистината во силата и моќта на Духот. Мнозина ќе ја примат верата и ќе се приклучат во војската Господова.“ – *The Review and Herald, July 23, 1895.*

4. ХРАБРОСТ И ПОКРАЈ ПРОТИВЕЊЕТО

а. Опишете го искуството на Еремија во сведочењето за Бога додека го исмејувале и навредувале, и начинот на кој тој ги победил своите стравови. Еремија 20:7-11.

„Поради огорченоста, омразата и противењето што се манифестира против Божјата реч изговорена во укор, многу од Божјите гласници одлучиле да постапат како што постапил Еремија. Но, што направил овој Божји пророк после оваа негова одлука? Колку и да се обидувал да го сочува својот мир, тој не успеал во тоа. Штом се нашол пред насобраниот народ, открил дека Божјиот Дух е посилен од него...

Во оваа генерација, кога Божјите слуги го цитираат словото Господово да ги укорат оние кои внесуваат погрешни начела, зарем нема да го доживеат искуството слично на она што го имал Еремија? Кога се воведува начин на постапување со кој се искривува правдата и судот, словото Господово треба да се изговори во укор.“ – *Коментари на библиските текстови, 354.*

б. Што треба да научиме од начинот на кој пророците и апостолите ги носеле Божјите пораки со толку голема сила? Михеј 3:8; 1. Коринтјаните 2:4,5.

„Божјите проповедници некогаш го проповедаа Неговото слово ‘во демонстрација на Дух и сила’. Објавувањето на евангелието ги задвижуваше срцата на луѓето. Зошто проповедањето на вистината денес има толку мало дејство врз луѓето? Дали Бог е помалку волен да ги благослови работниците во Неговото дело како што тоа го правел во деновите на апостолите?

Опомената, која ја носиме на светот, за луѓето треба да биде животен мирис за живот или смртен за смрт. Ќе ги прати ли Господ Своите слуги да ја објавуваат оваа ужасно света вест, задржувајќи го од нив Својот Свети Дух? Зар немоќните луѓе кои се склони да грешат ќе се осмелат без Божјата посебна благодат и сила да стојат меѓу живите и мртвите и да зборуваат зборови за вечен живот? Нашиот Господ е богат со благодат и со голема сила; Тој богато ќе ги излее овие дарови на тие што ќе Му се обратат со вера. Тој повеќе сака да им го даде Светиот Дух на тие што го бараат од Него, отколку што родителите да им дадат добри дарови на своите деца. Причината заради која оваа драгоцена и значајна вистина не е во состојба да спаси е затоа што ние не го вршиме своето дело со вера.“ – *5. Сведоштво, 157,158.*

5. ЖЕТВА НА НАГРАДИ

а. Која била намерата на Исус со чудото на улов на мноштво риби? Што можеме да научиме од ова искуство во нашата работа за душите? Лука 5:4-10.

„Немојте толку да се грижите за себе. Постојат илјадници чии животи се исто толку скапоцени како и вашите. Зошто тогаш сте свртени кон себе и вржани за брегот? Разбудете се на должност и бидете корисни! Ако отидете во длабочини и ги фрлите вашите мрежи во водата Учителот ќе ги собере рибите, а вие ќе го видите Божјото моќно дело...

Научете ги луѓето да имаат светлина во себе и да не зависат од проповедниците. Тие треба да го имаат Христа како свој помошник, и треба да научат да си помагаат едни на други, за да може проповедникот слободно да оди во нови полиња.“ – Historical Sketches, 139.

„Нашите верници имаат голема светлина, па сепак голем дел од нашите проповедници силата ја трошат по црквите, поучувајќи ги оние кои би требало да бидат учители; просветлувајќи ги оние кои треба да бидат ‘светлината на светот.’“ – Evangelism, p. 382.

б. Како може нашиот Творец да го врши своето дело користејќи ја индивидуалноста со која Тој толку милостиво го надарил секого од нас? Јов 34:11; 37:7.

„Луѓето со еден талент можат да пристапат кај онаа класа на луѓе каде што оние со два или пет таленти не можат да се приближат. И големите и малите се избрани садови да ја носат водата на животот за да се напијат жедните души... Господ нека работи преку кого Тој сака. Пораката мора да напредува.“ – 5. Сведоштво, 462.

„Браќа мои и сестри, проучете го внимателно предложениот план, искористете ја секоја прилика да им зборувате на своите соседи и пријатели, да им прочитате нешто од книгите кои ја содржат сегашната вистина. Покажете им колку ви дошло до спасување на душите за кои Христос поднел толку голема жртва.“ – 9. Сведоштво, 129.

Петок 20. декември

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Зошто многу изгубени души со право ќе се жалат кога ќе биде предоцна?**
2. **Освен проповедањето, која е суштинската должност на црквата?**
3. **Објаснете го Божјиот план да го осветли светот со сегашната вистина.**
4. **Како ќе се награди искуството што го научил Еремија?**
5. **Како можам да престанам да ги оптоварувам проповедниците?**

Да се биде запечатен како невин

„А Сам Бог на мирот да ве освети наполно во сè, и целиот ваш дух и душата и телото да се запазат без порок за доаѓањето на нашиот Господ Исус Христос! Верен е Оној, Кој ве повикува. Тој и ќе го направи тоа. Браќа, молете се за нас!“ – 1. Солунјаните 5:23,24.

„Никој од нас нема да го прими Божјиот печат сè додека на својот карактер има барем и една дамка.“ – 5. Сведоштво, 214.

ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: *Selected Messages 2, 367-375; 5. Сведоштво, 207-216.*

Недела 22. декември

1. ИСКУСТВО НЕОПХОДНО ЗА СПАСЕНИЕ

а. Што им ветил Христос на сите кои ќе здобијат победа над гревот? Откровение 3:5.

б. На што мора да ги насочиме нашите чувства како би ја задобиле оваа победа? Колосјаните 3:1-3.

„Христос вели за победникот: ‘Неговото име нема сигурно да го избришам од книгата на животот’. Во книгата на животот запишани се имињата на сите оние кои некогаш се предале на Бога, а нивните карактери сега поминуваат на разгледување пред Него. Божјите ангели ги мерат моралните вредности. Тие го следат развојот на карактерот на оние кои сега живеат, за да видат дали нивните имиња можат да бидат зачувани во Книгата на животот. Дарувано ни е време на проба во кое треба да ги измиеме и избелиме во крвта на Јагнето облеките кои го претставуваат карактерот. Кој ја извршува оваа работа? Кој се одвојува од гревот и себичноста? ‘Зашто вие умревте’, им вели апостол Павле на вистинските Христови следбеници ‘и вашиот живот е сокриен со Христос во Бога’. Кога сме живи за Бога, ние сме мртви за своето ‘јас’. Бог нека ни помогне да умреме за своето ‘јас’. Чии имиња нема да бидат избришани од Книгата на животот? Само имињата на оние кои го сакаат Бога со сета сила на своето битие, а своите ближни како самите себе.“ – *Historical Sketches, 138.*

2. ДЕЛО ЗА ОВА ВРЕМЕ

а. Наведете кое судбоносно дело го извршуваат четирите ангели во денот на очистувањето. Откровение 7:1-4.

„Четири моќни ангели ги задржуваат силите на оваа земја додека не бидат запечатени Божјите слуги на нивните чела. Народите на светот се желни за конфликт; но овие ангели сè уште ги држат под контрола. Кога оваа ограничувачка сила ќе се отстрани, ќе дојде време на неволја и маки.“ – *Марана*та, 257.

„Ни претстои еден ужасен судир. Битката на големиот ден на Бога Седржителот е сè поблиску. Сè што било држено под контрола, ќе се земе. Ангелот на милоста веќе ги склопува своите крилја и се подготвува да слегне од престолот, препуштајќи го светот под сатанска контрола. Поглаварствата и силниците на оваа земја се наоѓаат во огорчен револт против небесниот Бог. Тие се полни со омраза против оние кои Му служат на Бога, и набргу, многу набргу, ќе дојде до отворен судир помеѓу доброто и злото. Земјата ќе биде поприште и театар на последната борба и на конечната победа.

Кога рацете на овие ангели веќе почнале да попуштаат, а четирите ветра само што не дувнале, Христовото милостиво око внимателно гледало на припадниците на Својот остаток кои сè уште не биле запечатени; и Тој ги подигнал Своите раце кон Таткото, повикувајќи се на Својата крв која ја пролеал за нив. Тогаш на друг ангел му било наредено бргу да одлета до овие четворица со налог сè уште да ги задржуваат тие пустошни ветрови, сè додека Божјите слуги не бидат запечатени со печатот на живиот Бог на челата свои.“ – *Мојот живот денес, 308.*

б. Што го одредува исходот од претстојниот судир за секој од нас? Римјаните 8:6. Кои се доказите за телесен ум или срце? 1. Коринтјаните 3:3,4.

„Сè уште четирите ветра се задржуваат сè додека Божјите слуги не бидат запечатени на нивните чела. Тогаш земните сили ќе ги организираат своите сили за последната голема битка. Колку грижливо треба да го користиме ова малку преостанато време на проба!

Умот кој се предал на блудни мисли треба да се промени... Мислите мора да бидат насочени кон Бога. Сега е време да се вложат сериозни напори за да се совладаат природните склоности на телесното срце.“ – *Марана*та, 243.

3. СВЕЧЕНА ЗАДАЧА

а. Објаснете на кој начин и ангелот од Откровение 14 е вклучен во делото на запечатување. Што покажува колку е свечена важноста за целосно посветување? Откровение 14:9-12; 1. Солунјаните 5:23,24.

„Тогаш го видов Третиот ангел. Мојот ангел придружник рече: 'Страшно е неговото дело. Ужасна е неговата мисија. Тој е ангелот кој што ќе ја одвои пченицата од каколот и ќе ја запечати, или ќе ја врзе за небесната житница. Тоа треба да ги обземе сите мисли, целото внимание.'" – *Рани списи, 118.*

„Видов дека мнозина не разбираат какви мораат да бидат во времето на неволјите, за да живеат пред Бога, без првосвештеник во светилиштето. Кај оние што ќе го примат печатот на живиот Бог и кои во времето на неволјите ќе бидат заштитени, мора потполно да се огледа Исусовиот лик.

Видов дека мнозина ја занемаруваат толку потребната подготовка очекувајќи дека 'освежувањето' или 'позниот дожд' ќе ги оспособи да опстанат во Господовиот ден и да живеат во Негово присуство. О, колку ли само сум видела од нив во времето на неволјите без Божја заштита! Тие ја занемаруваат потребната подготовка, па затоа нема да можат да го примат "освежувањето" кое сите мораат да го примат за да можат да живеат во присуството на Светиот Бог. Оние кои одбиваат да бидат 'кастрени' од страна на пророците, и не ја чистат својата душа покорувајќи се на целата вистина, и кои се наклонети да веруваат дека нивната состојба е далеку подобра отколку што навистина е, ќе се разбудат дури во времето на седумте зла и ќе увидат дека тоа 'кастрење' и обликување било неопходно за нив за да бидат подготвени за Божјата градба. Меѓутоа, повеќе нема да има време за каква и да е промена, повеќе нема да има Посредник да ги застапува пред Бога." – *Рани списи, 71.*

б. Кој конечен благослов Бог особено го излева за да ја подготви жетвата на душите за Неговото царство? Јоил 2:23; Захарија 10:1.

„Гревовите на Израел мора претходно да одат на суд. Секој грев мора да се признае во светињата, и тогаш делото ќе продолжи. Тоа мора да се направи сега...

Кога четирите ангели ќе попуштат, Христос ќе го воспостави своето Царство. Никој нема да го прими позниот дожд, освен оние кои прават сѐ што е во нивна моќ. Христос ќе ни помогне. Сите можат да станат победници преку благодатта Божја, преку крвта на Исуса Христа." – *Spalding and Magan Collection 2a, 2, 3.*

4. УСЛОВИ ЗА ПРИМАЊЕ НА ПОЗНИОТ ДОЖД

а. Што ни е потребно за да го примиме позниот дожд? Исаија 43:25; 44:22.

„Некои имиња ќе бидат избришани од книгата на животот. Кој ќе биде тоа? Секој внимателно нека се испита за да види дали е во вера; да бидеме вредни за да се увериме дека работиме за вечноста. Исус вели дека имињата на победниците ќе ги признае пред Отецот и пред светите ангели.“ – *Historical Sketches, 139.*

„Оние што ќе го победат светот, телото и ѓаволот, ќе бидат Божји избраници кои ќе го примат печатот на живиот Бог. Оние чии раце не се чисти, чии срца не се чисти, нема да го примат печатот на живиот Бог. Оние што планираат грев и го прават, ќе бидат препуштени на самите себе. Само оние кои денес се каат и ги признаваат своите гревови како на големиот ден на помирување, ќе бидат признаени како достојни за Божја заштита.“ – *Testimonies to Ministers, p. 187.*

„Ниедно нарочно дело за Бога не може да се направи сѐ додека не се совладаат себичноста и нашето ‘јас’.“ – Historical Sketches, 140.

„Оние што успешно ќе ги поминат сите проверки, и ќе излезат како победници, без оглед на цената, значи дека го послушале советот на Вистинскиот Сведок, па ќе го примат позниот дожд и така ќе бидат подготвени за преобразување.“ – *1. Сведоштво, 187.*

„Ние сакаме Божјиот Дух длабоко да делува во нашето срце, за да можеме да обезбедиме бели облеки не само за себе, туку да можеме да влијаеме на другите и нивните имиња да се најдат запишани во Книгата на животот и никогаш да не бидат избришани.“ – *Historical Sketches, 140.*

б. Што треба да сфатиме за позниот дожд? Осија 6:3; Дела 3:19.

„Големото дело на евангелието нема да се заврши со помала манифестација на Божјата сила од онаа што го одбележала неговиот почеток. Пророштвата што се исполниле со излевањето на раниот дожд во почетокот на евангелието пак ќе се исполнат со позниот дожд и при неговото завршување. Тоа е ‘времето не одморање’ што апостол Петар однапред го најавил велејќи: ‘Покајте се и обратете се, за да ви бидат избришани гревовите, за да дојдат, од лицето на Господа времиња на освежување, и да Го испрати претскажаниот за вас Исуса Христа’ (Дела 3:19, 20).

Божјите слуги, со лица осветлени од небесното посветување, ќе брзаат од место до место да ја објават пораката на небото. Илјадници гласови, ширум земјата, ќе го објавуваат предупредувањето.“ – *Големата борба, 611,612.*

5. КОНЕЧНА ПОБЕДА

а. Кога Исус ќе ја заврши својата служба во светињата, каква охрабрувачка изјава ќе изрече за победниците? Откровение 22:11 (последен дел).

б. Како можеме да го разбереме прекрасното ветување дадено на сите оние кои задобиле победа со крвта на Јагнето? Откровение 22:14; Исаија 26:2-4.

„Мои браќа и сестри, ве повикувам да се подготвите за доаѓањето на Спасителот на небесните облаци. Од ден во ден искоренувајте ја од своето срце љубовта кон светот. Разберете преку искуство што значи да се има заедница со Христа. Подгответе се за судот, за во мир да се сретнете со Христа, кога Тој ќе дојде да се прослави во оние кои веруваат. Тој ден откупените ќе засветлат во славата на Таткото и Синот. Ангелите ќе свират со своите златни харфи поздравувајќи го Царот и трофеите на Неговата победа - оние кои ги испрале и ги избелиле своите облеки во крвта на Јагнето. Ќе се заори песна на победа која ќе ги исполни сето небо. Христос победил. Тој ќе влезе во небесните дворови, пратен од Своите откупени, како живи сведоци дека Неговата мисија на страдања и жртви не била напразно.“ – *9. Сведоштво, 285.*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Со Божја помош, зошто треба да ги победиме недостатоците на карактерот?**
2. **Зошто Исус им заповедал на четирите моќни ангели да ги задржуваат ветровите?**
3. **Што погрешно сфаќаат многу луѓе за позниот дожд или освежувањето?**
4. **Ако нашите гревови се избришани, која благословена задача Бог може да ни ја довери?**
5. **Што можам да направам денес како би бил сигурен дека сум еден од конечните победници?**

БОГОСЛУЖБА ВО СЕМЕЈСТВОТО

Октомври - 2019.

Дат.	Ден	Утринска молитва	Вечерна молитва	За оние кои немаат свед.
1.	*Вторник*	*Филип. 1:1-7*	*7 Свед. 185.*	*Пл. Ер. 2:18-22.*
2.	*Среда*	*2. Петр. 3:1-5*	*7 Свед. 186.*	*Пс. 119:89.*
3.	*Четврток*	*2. Петр. 3:12-17.*	*7 Свед. 187.*	*Пс. 119:92-97.*
4.	*Петок*	*Гал. 6:14-16.*	*Сонцето заоѓа во 18 10*	
5.	*Сабота*	*Пс. 40:1-5.*	*Сонцето заоѓа во 18 08*	
6.	*Недела*	*Ефес. 1:1-7.*	*7 Свед. 188.*	*Ер. 42:13-16.*
7.	*Понеделник*	*Ефес. 1:8-13.*	*7 Свед. 189.*	*Ер. 42:17-19.*
8.	*Вторник*	*Ефес. 1:14-20.*	*7 Свед. 190.*	*Ер. 42:20-22.*
9.	*Среда*	*Ефес. 2:1-3.*	*7 Свед. 191.*	*Ер. 43:10-13.*
10.	*Четврток*	*Ефес. 2:4-10.*	*7 Свед. 192.*	*Ер. 44:2-6.*
11.	*Петок*	*Ефес. 2:13-17.*	*Сонцето заоѓа во 17 58*	
12.	*Сабота*	*Пс. 46:1-7*	*Сонцето заоѓа во 17 56*	
13.	*Недела*	*Ефес. 2:19-22.*	*7 Свед. 193.*	*Ер. 44:7,8.*
14.	*Понеделник*	*Ефес. 3:8-11.*	*7 Свед. 194.*	*Ер. 44:9-11.*
15.	*Вторник*	*Ефес. 3:14-21.*	*7 Свед. 195.*	*Ер. 44:12-14.*
16.	*Среда*	*Ефес. 4:1-6.*	*7 Свед. 196.*	*Ер. 44:15-19.*
17.	*Четврток*	*Ефес. 4:11-15.*	*7 Свед. 197.*	*Ер. 44:20-22.*
18.	*Петок*	*Ефес. 4:20-27.*	*Сонцето заоѓа во 17 47*	
19.	*Сабота*	*Пс. 50:4-6.*	*Сонцето заоѓа во 17 45*	
20.	*Недела*	*Ефес. 4:29-32.*	*7 Свед. 198.*	*Ер. 44:24-27.*
21.	*Понеделник*	*Ефес. 5:6-11.*	*7 Свед. 199.*	*Ер. 44:28-30.*
22.	*Вторник*	*Ефес. 5:15-21.*	*7 Свед. 200.*	*Ер. 45:1-5.*
23.	*Среда*	*Ефес. 6:11-18.*	*7 Свед. 201.*	*Ер. 46:27,28.*
24.	*Четврток*	*Фил. 1:15-18.*	*7 Свед. 202.*	*Ер. 48:8-10.*
25.	*Петок*	*Фил. 1:27-29.*	*Сонцето заоѓа во 17 36*	
26.	*Сабота*	*Пс. 51:1-11.*	*Сонцето заоѓа во 17 35*	
27.	*Недела*	*Фил. 2:1-8.*	*7 Свед. 203.*	*Ер. 50:1-5.*
28.	*Понеделник*	*Фил. 2:9-15.*	*7 Свед. 204.*	*Ер. 50:6-9.*
29.	*Вторник*	*Фил. 3:4-10.*	*7 Свед. 205.*	*Ер. 50:10-17.*
30.	*Среда*	*Фил. 3:11-16.*	*7 Свед. 206.*	*Ер. 50:23-26.*
31.	*Четврток*	*Фил. 3:17-21.*	*7 Свед. 207.*	*Ер. 50:29-32.*

Ноември - 2019.

Дат.	Ден	Утринска молитва	Вечерна молитва	За оние кои немаат свед.
1.	Петок	1. Тим. 2:1-6.	Сонцето заоѓа во 16 27	
2.	Сабота	Псалм 40:1-5.	Сонцето заоѓа во 16 26	
3.	Недела	2. Петр. 3:1-5.	7 Свед. 203.	Пс. 119:126-130.
4.	Понеделник	Фил. 4:4-7.	7 Свед. 203.	Ер. 51:1-6.
5.	Вторник	Фил. 4:8,9.	7 Свед. 204.	Откр. 17:3-6.
6.	Среда	Фил. 4:11-13.	7 Свед. 203.	Откр. 18:1,2,4.
7.	Четврток	Кол. 1:1-6.	7 Свед. 204.	Откр. 18:5-8.
8.	Петок	Кол. 1:9-14.	Сонцето заоѓа во 16 18	
9.	Сабота	Псалм 63:1-7.	Сонцето заоѓа во 16 17	
10.	Недела	Кол. 1:15-20.	7 Свед. 205.	Ер. 51:7-11.
11.	Понеделник	Кол. 1:21-25.	7 Свед. 203.	Ер. 51:15-19.
12.	Вторник	Кол. 1:26-29.	7 Свед. 204.	Ер. 51:44-46.
13.	Среда	Кол. 2:1-7.	7 Свед. 203.	Ер. 51:49-53.
14.	Четврток	Кол. 2:8-11.	7 Свед. 204.	Ер. 51:60-64.
15.	Петок	Кол. 3:1-4.	Сонцето заоѓа во 16 11	
16.	Сабота	Псалм 65:1-5.	Сонцето заоѓа во 16 11	
17.	Недела	Кол. 3:8-11.	7 Свед. 205.	Пл. Ер. 1:1-4.
18.	Понеделник	Кол. 3:12-15.	7 Свед. 203.	Пл. Ер. 1:5-8.
19.	Вторник	Кол. 3:16,17.	7 Свед. 204.	Пл. Ер. 1:9-12.
20.	Среда	Кол. 3:20-25.	7 Свед. 203.	Пл. Ер. 1:13-15.
21.	Четврток	Кол. 4:1-6.	7 Свед. 204.	Пл. Ер. 1:16-20.
22.	Петок	1. Сол. 1:1-6.	Сонцето заоѓа во 16 06	
23.	Сабота	Псалм 66:16-20.	Сонцето заоѓа во 16 05	
24.	Недела	1. Сол. 2:13-15.	7 Свед. 205.	Пл. Ер. 1:21,22.
25.	Понеделник	1. Сол. 2:1-20.	7 Свед. 203.	Пл. Ер. 2:1-4.
26.	Вторник	1. Сол. 5:1-8.	7 Свед. 204.	Пл. Ер. 2:6-9.
27.	Среда	1. Сол. 5:10-24.	7 Свед. 203.	Пл. Ер. 2:10-13.
28.	Четврток	2. Сол. 2:1-9.	7 Свед. 204.	Пл. Ер. 2:14-17.
29.	Петок	2. Сол. 3:10-13.	Сонцето заоѓа во 16 02	
30.	Сабота	Псалм 67:1-7.	Сонцето заоѓа во 16 02	

Декември – 2019.

Дат.	Ден	Утринска молитва	Вечерна молитва	За оние кои немаат свед.
1.	Недела	Соф. 1:14-18.	7 Свед., 229.	Проп. 11:6-10.
2.	Понеделник	2. Тим. 4:6-8.	7 Свед., 230.	Пс. 119:142-148.
3.	Вторник	Тит 2:1-7.	7 Свед., 231.	Пс. 119:160-165.
4.	Среда	Излез 33:18-23.	7 Свед., 232.	Пл. Ер. 3:18-20.
5.	Четврток	Излез 34:6-9.	7 Свед., 233.	Пл. Ер. 3:25-27.
6.	Петок	Второз. 3:23-25.	Сонцето заоѓа во 16 01	
7.	Сабота	Псалм 78:1-7.	Сонцето заоѓа во 16 01	
8.	Недела	2. Сам. 22:2-7.	7 Свед., 234.	Пл. Ер. 3:34,35.
9.	Понеделник	Ездра 8:21-23.	7 Свед., 235.	Пл. Ер. 3:46-56.
10.	Вторник	Ездра 9:6-8.	7 Свед., 236.	Пл. Ер. 3:57-66.
11.	Среда	Ездра 9:13-15.	7 Свед., 237.	Пл. Ер. 4:1-5.
12.	Четврток	Немија 1:4-7.	7 Свед., 238.	Пл. Ер. 4:6-10.
13.	Петок	Немија 1:8-11.	Сонцето заоѓа во 16 01	
14.	Сабота	Псалм 80:14-19.	Сонцето заоѓа во 16 01	
15.	Недела	Немија 2:2-4.	7 Свед., 239.	Пл. Ер. 4:11-16.
16.	Понеделник	1. Лет. 29:11-15.	7 Свед., 240.	Пл. Ер. 4:17-22.
17.	Вторник	1. Лет. 29:17-20.	7 Свед., 241.	Пл. Ер. 5:1-7.
18.	Среда	2. Лет. 14:11,12.	7 Свед., 242.	Пл. Ер. 5:15-22.
19.	Четврток	2. Лет. 20:3-7.	7 Свед., 243.	Изреки 1:1-7.
20.	Петок	2. Лет. 20:9-12.	Сонцето заоѓа во 16 03	
21.	Сабота	Псалм 81:8-16.	Сонцето заоѓа во 16 03	
22.	Недела	2. Лет. 30:18-20.	7 Свед., 244.	Изреки 1:8-16.
23.	Понеделник	2. Лет. 33:10-13.	7 Свед., 245.	Изреки 1:20-33.
24.	Вторник	Естира 3:8-11.	7 Свед., 246.	Изреки 2:1-9.
25.	Среда	Естира 4:1-4.	7 Свед., 247.	Изреки 2:10-15.
26.	Четврток	Естира 4:13-16.	7 Свед., 248.	Изреки 2:20-22.
27.	Петок	Јоил 2:1,2.	Сонцето заоѓа во 16 07	
28.	Сабота	Псалм 84:5-12.	Сонцето заоѓа во 16 08	
29.	Недела	Јоил 2:11-14.	7 Свед., 249.	Изреки 4:18-23.
30.	Понеделник	Јоил 2:15-18.	7 Свед., 250.	Изреки 6:16-23.
31.	Вторник	Соф. 2:1,2.	7 Свед., 251.	Проп. 12:11-14.

Доброволен дар во првата сабота

5. октомври
Доброволен прилог во првата сабота за црквата во Лас Вегас (САД)
(страна 4)

2. ноември
Доброволен прилог во првата сабота за седиште на Конференцијата во јужен Минданао (страна 25)

7. декември
Доброволен прилог во првата сабота за литература за мисионските полиња
(страна 51)